IDSCS | Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

KONRAD ADENAUER STIFTUNG

# Прирачник за парламентарни избори во Република Северна Македонија 2024 година



www.kas.de

IDSCS Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

KONRAD ADENAUER STIFTUNG

# Прирачник за парламентарни избори во Република Северна Македонија 2024 година

Скопје, април 2024

# Импресум

**Наслов:**
Прирачник за парламентарни избори во Република Северна Македонија 2024 година

**Издавачи:**
Даниел Браун, Официјален претставник на Фондација Конрад Аденауер во Република Северна Македонија
Марко Трошановски, Претседател на Институт за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје

**Автори:**
Јоана Тренеска
Томе Смилевски
Ѓорѓи Хаџи Василев

**Координација:**
Давор Пашоски, Програмски менаџер, Фондација Конрад Аденауер во Република Северна Македонија

**Лектура:**
Ивана Коцевска

**Дизајн и подготовка:**
Винсент Графика ДОО Скопје

**Публикацијата може бесплатно да се преземе на:**
www.izbornaarhiva.mk
https://www.kas.de/mk/web/nordmazedonien/
http://www.idscs.org.mk

Изразуваме благодарност до Програмата за поддршка на изборите на Швајцарската соработка во Северна Македонија, имплементирана од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС), за поддршката и соработката во подготовката на оваа публикација.

**Напомена:**
Фондацијата Конрад Аденауер и Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје не сносат одговорност за фактите и ставовите изнесени во публикацијата. Тие претставуваат лични гледишта на авторите.
Оваа публикација служи само за информативни цели и информациите во неа не смеат да се употребуваат во рамки на изборни кампањи.

# Содржина

**Вовед во парламентарни избори во Република Северна Македонија 5**

Подготовки за парламентарните избори....18
Последни измени на изборното законодавство....20
Државна изборна комисија....22
Финансирање на политичките партии....23
Јавни гласила....24

**1. Историјат на парламентарните избори во Република Северна Македонија (1990 – 2020) 28**

**2. Македонски изборен систем за парламентарни избори 36**

**3. Изборни единици 44**

**4. Преглед на учесници на парламентарите избори 2024 52**

Социјалдемократски сојуз на Македонија и коалиција „За европска иднина“.. 54
ВМРО-ДПМНЕ и коалиција „Твоја Македонија“....59
Демократска унија за интеграција и коалицијата „Европски фронт“....64
Коалиција „Вреди“....68
Политичка партија Левица ....72
Аваја – Доста е! ....75
Политичка партија Демократи....75
Политичка партија Десна....76
Политичка партија Единствена Македонија....77
Движење ЗНАМ – За наша Македонија....77
Македонска ера трета / Македонски независни листи – Суверенисти ....78
Македонска обновителна реформска опција – Работничка партија ....79
Политичка партија Нова алтернатива ....79
Политичка партија Родина Македонија ....80
Твоја партија ....81
Граѓанска опција за Македонија и коалицијата „Храбро за Македонија“....81
Група избирачи Џула Челику....82

# Вовед

# Вовед во парламентарни избори во Република Северна Македонија

Единаесеттите по ред парламентарни избори во Република Северна Македонија ќе се одржат на 8 мај 2024 година. Парламентарните избори беа распишани на 14.2.2024 година, кога претседателот на Собранието, Јован Митрески, во согласност со уставните и законските обврски, го потпиша Решението за распишување избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија.[1] Во согласност со Решението, редовните парламентарни избори ќе се одржат на 8 мај 2024 година (среда), истовремено со евентуалниот втор круг на претседателските избори, што значи дека ќе има преклопување на предизборните кампањи за парламентарните и претседателските избори. Во Собранието на Република Северна Македонија се избираат 120 пратеници според пропорционалниот модел, при што територијата на земјата е поделена на шест изборни единици утврдени со Изборниот законик и во секоја изборна единица се избираат по 20 пратеници.[2]

На 14 февруари ДИК го донесе Роковникот за извршување на изборните дејствија за спроведување  избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија.[3] Во согласност со предвиденото во законот, техничка Влада за спроведување на изборите беше избрана на 28 јануари годинава, на 100 дена пред изборите.[4]

По неколкумесечни политички превирања во врска со усвојувањето на уставните измени и засилените барања на опозицијата за вонредни парламентарни избори, на 4 декември 2023 година на средбата на лидерите на политичките партии застапени во Собранието беше постигнат политички договор за

1 Решение за распишување на изборите  https://drive.google.com/file/d/1XP6jrSKDr-BVIDuMAwCJqB-GAk88qbx2g/view (последна посета:  7.4.2024 година).

2 Изборниот законик предвидува дека може да се изберат до 123 пратеници, со тоа што три дополнителни пратеници можат да бидат избрани од страна на македонските граѓани кои се на привремена работа или престој во странство (гласање на дијаспората), доколку кандидатите го освојат потребниот број на гласови. Бидејќи бројот на пријавени за гласање надвор од државата за парламентарните избори во 2024 година (2 605) е помал од прагот на гласови потребни за да се добие мандат (5 355), гласање надвор од државата нема да се организира за овие избори, со што парламентот во следниот мандат ќе има 120 пратеници.

3 Роковник за извршување на изборните дејствија https://drive.google.com/file/d/1yt9v5sjARjR2_FqqebBM6xv7Ucuwze5w/view (последна посета: 7.4.2024 година).

4 Изборите распишани - кандидатите уште „тајни“ https://www.dw.com/mk/jovan-mitreski-gi-raspisa-izborite-i-povika-na-fer-i-demokratski-izboren-proces/a-68254138 (последна посета: 7.4.2024 година).

одржување на парламентарните и на претседателските избори,. Политичките лидери постигнаа договор со широк консензус парламентарните избори да се одржат на 8 мај (среда), заедно со вториот круг на претседателските избори. Претходно, на 24 април, исто така, во среда, ќе се одржи првиот круг од претседателските избори. Датумот 8 мај беше одбран за да се овозможи парламентарните избори да бидат во нивниот редовен термин, а претседателските да завршат до истекувањето на мандатот на сегашниот претседател, Стево Пендаровски, на 12 мај.

Освен за датумите за избори, лидерите на СДСМ, Димитар Ковачевски, и на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски, истакнаа дека на лидерската средба имало и широк консензус за прифаќање на забелешките за Изборниот законик од ОБСЕ/ОДИХР. На лидерската средба не беше постигнат договор за уставните измени.[5]

Во согласност со законот, на 28 јануари, односно на 100 дена пред изборите, се формираше техничка (т.н. Пржинска) Влада. Премиерот Димитар Ковачевски и претседателот на Собранието, Талат Џафери, на 25 јануари поднесоа оставки. Координаторот на пратеничката група на СДСМ, Јован Митрески, на 26 јануари беше избран за нов претседател на македонското Собрание. За неговиот избор гласаа 65 пратеници, а 40 беа против.[6]

На 28 јануари Собранието на Република Северна Македонија со 65 гласа „за“ и 3 „против“ ја изгласа техничката Влада на чело со првиот премиер Албанец, Талат Џафери, од ДУИ.[7] Премиерот Талат Џафери истакна дека нема да се менува зацртаната политика на досегашната Влада, како на внатрешен, така и на надворешен план и нагласи дека нема да се дозволи нарушување на изборниот процес.[8] Лидерот на ДУИ, Али Ахмети, истакна дека станува збор за историски ден, а од ДУИ изборот го прославија со црвени вратоврски на кои пишува премиер – Албанец – 28.01.2024.[9]

5 Постигнат договор за изборите: На 24 април претседателски, а на 8 мај парламентарни со втор круг претседателски https://360stepeni.mk/postignat-dogovor-za-izborite-na-24-april-pretsedatelski-a-na-8-maj-parlamentarni-so-vtor-krug-pretsedatelski/ (последна посета: 7.4.2024 година).

6 Јован Митрески е нов претседател на македонското Собрание https://www.slobodnaevropa.mk/a/32793109.html (последна посета: 7.4.2024 година).

7 Избрана техничката Влада на чело со Џафери https://www.slobodnaevropa.mk/a/32795231.html (последна посета: 7.4.2024 година).

8 Џафери: Зацртаната политика на досегашната влада нема да се менува https://makfax.com.mk/makedonija/%D1%9F%D0%B0%D1%84%D0%B5%D1%80%D0%B8-%D0%B7%D0%B0%D1%86%D1%80%D1%82%D0%B0%D0%BD%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%BF%D0%BE%D0%BB%D0%B8%D1%82%D0%B8%D0%BA%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%B4%D0%BE%D1%81%D0%B5%D0%B3%D0%B0/ (последна посета: 7.4.2024 година).

9 ДУИ го слави изборот на Џафери за технички премиер со црвени вратоврски - https://360stepeni.mk/dui-go-slavi-izborot-na-dhaferi-za-tehnichki-premier-so-tsrveni-vratovrski/ (последна посета: 7.4.2024 година).

Основна задача на оваа Влада е да организира фер и демократски парламентарни избори. Најголемата опозициска партија ВМРО-ДПМНЕ, иако предложи свои кандидати во Владата, не гласаше за нејзиниот избор, бидејќи не се согласуваше Владата да ја предводи Талат Џафери. Според досегашното искуство со техничките влади, овој политички маневар се случува по втор пат со оглед на тоа дека во 2016 година СДСМ, иако предложија министри, ја напуштија седницата и не гласаа за техничката Влада предводена од Емил Димитриев од ВМРО-ДПМНЕ.[10]

Во техничката влада за прв заменик-премиер и вицепремиер за европски прашања е избран Бојан Маричиќ, кој доаѓа на местото на Артан Груби, кој останува да биде министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На опозицијата ѝ припаднаа министерските места во Министерството за внатрешни работи и во Министерството за труд и социјална политика, како и дополнителните заменички места во Министерството за финансии, Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Од редовите на ВМРО-ДПМНЕ на овие места беа избрани Панче Тошковски за технички министер за внатрешни работи и Ѓоко Велковски за министер за труд и социјална политика. За дополнителни заменици министри беа избрани Елена Петрова за финансии, Стефан Андоновски за информатичко општество и администрација и Цветан Трипуновски за земјоделство, шумарство и водостопанство.[11]

По разидувањето во Алијанса за Албанците (АА), поради претседателската кандидатура на Арбен Таравари и приклучувањето на крилото на Таравари кон здружената албанска опозиција „Вреди“, по предлог на техничкиот премиер, Талат Џафери, на 9 февруари беа разрешени министрите за здравство и за информатичко општество и администрација, Фатмир Меџити и Азир Алиу[12], а претходно на владина седница беа разрешени и директорите од крилото на Таравари.

На 28 март крилото предводено од Зијадин Села донесе одлука на претстојните избори да се приклучи на „Европскиот фронт“ предводен од ДУИ. Во однос на правната битка за тоа кој е легитимен претседател на партијата, Судот во Тетово доне-

10 Во 2016 година СДСМ не гласаше за Техничката влада - https://alsat.mk/mk/vo-2016-godina-sdsm-ne-glasashe-za-tehnichkata-vlada/ (последна посета: 7.4.2024 година).
11 Собранието на Северна Македонија ја избра преодната Влада што ќе ја предводи Талат Џафери https://vlada.mk/node/35835 (последна посета: 7.4.2024 година).
12 Разрешени министрите Меџити и Алиу https://sdk.mk/index.php/makedonija/razresheni-ministrite-medhiti-i-aliu/ (последна посета: 7.4.2024 година).

се првостепена одлука печатите од партијата Алијанса за Албанците да ги добие крилото на Зијадин Села, по што Арбен Таравари најави жалба за ваквата одлука.[13]

Премиерот Џафери и министрите во техничката влада ќе останат на функција и по изборите на 8 мај, сè до формирањето на новата влада. Мандатот на дополнителните заменици-министри завршува со објавувањето на конечните резултати од изборите. Владата предводена од Талат Џафери е трета техничка Влада, по владите на Емил Димитриев во 2016 и на Оливер Спасовски во 2020 година.

Периодот пред постигнувањето на политичкиот договор за одржување на изборите беше обележан со политичка поларизација меѓу власта и опозицијата во однос на усвојувањето на уставните измени со цел продолжување на евроинтеграциските процеси на државата, но и со континуирани барања на опозицијата за одржување предвремени избори. Опозициската ВМРО-ДПМНЕ остана на ставот дека нема да  гласа за уставни измени, оценувајќи дека кога ќе дојдат на власт ќе обезбедат подобар договор со Бугарија.

Во контекст на изборите, во јануари 2022 година ВМРО-ДПМНЕ истапи со барање за укинување на концептот на Пржинска влада. Опозициската партија изрази подготвеност да се откаже од 100 дена техничка влада со цел одржување  предвремени избори и пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ иницираше предлог-измени за изменување и дополнување на Законот за Влада. Владејачкото мнозинство континуирано ги одбиваше барањата за предвремени парламентарни избори, а владејачката коалиција го оспори начинот на предлагање на ова решение со условување за предвремени избори. Тогашниот координатор на пратеничката група на СДСМ, Јован Митрески, истакна дека за укинување на техничката Влада треба согласност од сите политички партии, а не само од една партија и повика на политички договор за редовни избори. Од ДУИ оценија дека не е добро еднострано да се предлага решение за укинување на техничката Влада, туку за такво решение треба широк консензус, како што беше случај при неговото донесување, односно потпишување на Пржинскиот договор во 2015 година.[14] Предлогот на ВМРО-ДПМНЕ за укинување на техничка влада на 100 дена пред избори, позната како Пржинска влада, не беше усвоен во Собранието.[15]

13 Судот во Тетово одлучил Села да ги добие печатите од Алијанса за Албанците, Таравари најавува жалба  https://www.slobodnaevropa.mk/a/32888402.html  (последна посета: 7.4.2024 година).

14 ВМРО-ДПМНЕ бара да се укине пржинската влада и предвремени избори, СДСМ и ДУИ велат дека тоа ќе се договори пред изборите во 2024 година  https://sdk.mk/index.php/makedonija/vmro-dpmne-bara-da-se-ukine-przhinskata-vlada-i-predvremeni-izbori-sdsm-i-dui-velat-deka-toa-ke-se-dogovori-pred-izborite-vo-2024-godina/ (последна посета: 7.4.2024 година).

Во март 2023 година премиерот Ковачевски  истакна дека изборите ќе се одржат во редовен термин во 2024 година и беше дециден дека ќе се почитува коалицискиот договор којшто го постигнаа поранешниот премиер, Зоран Заев, и лидерот на ДУИ, Али Ахмети, во 2020 година за прв премиер Албанец како технички премиер во последните 100 дена од мандатот на актуелната Влада.[16]

Со цел постигнување  договор во однос на овие важни политички теми, претседателите на СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ, Димитар Ковачевски и Христијан Мицкоски, на 6 јуни 2023 година одржаа лидерска средба, која заврши без конкретен договор.[17]

Во однос на уставните измени, Ковачевски на лидерската средба предложи заеднички да се изгласаат, а во преодните и завршните одредби да биде наведено дека ќе важат по Втората меѓувладина конференција со ЕУ, додека Мицкоски побара уставните измени да важат на крајот од преговарачкиот процес со ЕУ, односно кога ќе почне ратификацијата во земјите членки на ЕУ.

Со цел обезбедување на неопходното двотретинско мнозинство, премиерот Ковачевски предложи широка коалиција во која би влегле сите партии кои се за евроинтеграција на земјата.  Ковачевски истапи со конкретен предлог во Владата да влезе и ВМРО-ДПМНЕ, а СДСМ да им отстапи 5 министерски места, откако ќе биде изгласано отворање на Уставот со двотретинско мнозинство.[18] Мицкоски истакна дека евентуалното влегување во широка владина коалиција би било прифатливо за ВМРО-ДПМНЕ, но ДУИ да не биде дел од таквата влада.

Во однос на предвремените парламентарни избори, Ковачевски предложи одржување  предвремени избори по изгласувањето на уставните измени и отворањето на две-три поглавја од преговорите за членство во ЕУ, додека Мицкоски истакна дека уставните измени не можат да поминат во овој парламен-

15 Предлогот на ВМРО-ДПМНЕ за укинување на Пржинската влада не помина во Собранието https://sdk-mk.translate.goog/index.php/makedonija/predlogot-na-vmro-dpmne-za-ukinuvane-na-przhinskata-vlada-ne-pomina-vo-sobranieto/?_x_tr_sl=mk&_x_tr_tl=en&_x_tr_hl=en&_x_tr_pto=sc (последна посета: 7.4.2024 година).

16 Ковачевски против техничка влада и предвремени избори  https://www.dw.com/mk/kovacevski-protiv-tehnicka-vlada-i-predvremeni-izbori-mickoski-samo-za-izbori/a-65011414 (последна посета: 7.4.2024 година).

17 Лидерска Ковачевски-Мицкоски, предлози има, договор нема https://www.slobodnaevropa.mk/a/%D0%BB%D0%B8%D0%B4%D0%B5%D1%80%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D1%81%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%B1%D0%B8---%D1%80%D0%B5%D1%88%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D0%B5-%D0%B8%D0-%BB%D0%B8-%D0%B2%D0%BB%D0%B5%D0%B7-%D0%B2%D0%BE-%D1%9C%D0%BE%D1%80%D1%81%D0%BE%D0%BA%D0%B0%D0%BA/32445902.html  (последно пристапено: 7.4.2024 година).

18 До уставни измени со влада без ДУИ? https://www.dw.com/mk/liderska-sredba-siroka-vlada-bez-dui-pet-ministri-za-vmrodpmne-garancii-od-eu/a-65847609 (последна посета: 9.4.2024 година).

тарен состав и побара распишување предвремени избори во најбрз можен рок.[19]

По лидерската средба продолжија политичките несогласување меѓу власта и опозицијата во однос на главните политички теми од лидерската средба. Од тие причини, на 8 јули 2023 лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски, истакна дека ги повлекуваат сите понуди за постигнување консензус со власта околу уставните измени и дека ќе разговараат само за предвремени избори. Од СДСМ најавија дека во идните две недели уставните амандмани ќе бидат разгледани од страна на Владата, јавно објавени и доставени до Собранието, по што ќе започне и собраниската процедура за нив.[20]

Како одговор на барањата на ВМРО-ДПМНЕ, на 30 јули 2023 година министрите и функционерите од ДУИ депонираа оставки до премиерот Димитар Ковачевски, кои би се активирале веднаш штом се изгласаат уставните измени. Одлуката за условените оставки на петте министри ја соопшти лидерот на ДУИ, Али Ахмети. Од СДСМ оценија дека со овој потег на нивниот коалиционен партнер во Владата се исполнети сите услови ВМРО-ДПМНЕ да гласа за уставните измени. Од ВМРО-ДПМНЕ побараа оставките на министрите од ДУИ да бидат неотповикливи и потоа да се организираат брзи предвремени парламентарни избори, бидејќи сè друго е одолговлекување и е спротивно на волјата на граѓаните.[21]

Во услови на нагласена политичка поларизација меѓу власта и опозицијата, уставните измени влегоа во собраниска процедура, откако на 18 јули поминаа на владина седница.[22] Без оглед на фактот што за нивно усвојување не беше постигнат консензус меѓу власта и опозицијата, на 18 август почна 123. собраниската седница на која имаше само една точка на дневен ред – Предлог за пристапување кон измена на Уставот. Седумдесет пратеници, од присутните 119, гласаа „за“ усвојување на дневниот ред, против беа 47 пратеници, а воз-

19 Широка влада за уставни измени без ДУИ? https://www.slobodnaevropa.mk/a/%D1%88%D0%B8%D1%80%D0%BE%D0%BA%D0%B0-%D0%B2%D0%BB%D0%B0%D0%B4%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D1%83%D1%81%D1%82%D0%B0%D0%B2%D0%BD%D0%B8-%D0%B8%D0%B7%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D0%B8-%D0%B1%D0%B5%D0%B7-%D0%B4%D1%83%D0%B8-/32448927.html (последна посета: 7.4.2024 година).

20 Ќе разговара само за избори – ВМРО-ДПМНЕ ги повлекува сите понуди за консензус за уставните измени https://telma.com.mk/2023/07/08/kje-razgovara-samo-za-izbori-vmro-dpmne-gi-povlekuva-site-ponudi-za-konsenzus-za-ustavnite-izmeni/ (последна посета: 7.4.2024 година).

21 Министрите на ДУИ депонираа условени оставки, ВМРО-ДПМНЕ бара тие да бидат неотповикливи https://telma.com.mk/2023/07/30/ministrite-na-dui-deponiraa-usloveni-ostavki-vmro-dpmne-bara-tie-da-bidat-neotpoviklivi/ (последна посета: 7.4.2024 година).

22 Уставните измени поминаа на владина седница, на ред е Собранието https://360stepeni.mk/ustavnite-izmeni-pominaa-na-vladina-sednitsa-na-red-e-sobranieto/ (последна посета: 7.4.2024 година).

држани немаше.[23] Седницата траеше неполни три часа и по завршувањето на неколкуте дискусии немаше гласање. Претседателот на Собранието, Талат Џафери, ја прекина седницата и истакна дека гласањето дополнително ќе биде закажано. Спикерот Џафери и претходно најави дека ќе се гласа кога за тоа ќе има услови, односно кога ќе биде обезбедено двотретинско мнозинство. [24]

Бидејќи стана извесно дека владејачкото мнозинство нема да може да обезбеди двотретинско мнозинство во овој парламентарен состав, продолжија политичките конфронтации со опозицијата и повторно се актуелизираше темата за предвремени избори. Во октомври 2023 година ВМРО-ДПМНЕ се откажа од притисокот за одржување на предвремени избори и прифати да учествува во работните групи кои ќе треба да го утврдат датумот за одржување на изборите во 2024 година. Оценувајќи ги изборите како исклучително важни за државата, Мицкоски предложи вториот круг од претседателските и парламентарните избори да се одржат на ист ден, односно на 8 мај 2024 години.[25] Политичкиот договор за одржување на парламентарните и претседателските избори беше постигнат на 4 декември на лидерската средба помеѓу претседателите на сите парламентарни политички партии[26].

Во предизборниот период политичките партии ги промовираа изборните листи и нивните носители, а ги презентираа и програмите за претстојните парламентарни избори. На 3 април ДИК информираше дека во рамки на законски утврдениот рок, заклучно со 2 април 2024 до 24 часот се пристигнати 17 кандидатури за пратеници.[27]

---

23 Почна седницата за уставни измени – 70 пратеници гласаа за дневниот ред https://360stepeni.mk/pochna-sednitsata-za-ustavni-izmeni-70-pratenitsi-glasaa-za-dnevniot-red/ (последна посета: 7.4.2024 година).

24 Куса дебата за уставните измени, за гласање ќе се чека https://www.slobodnaevropa.mk/a/kusa-debata-za-ustavnite-izmeni-za-glasanje-kje-se-cheka-/32554063.html (последна посета: 7.4.2024 година).

25 ВМРО-ДПМНЕ се откажа од предвремени избори https://www.dw.com/mk/mickoski-se-otkaza-od-predvremenite-izbori-kako-sto-ke-kaze-kovacevski-za-datum-i-den-taka-ke-bide/a-67161999 (последна посета: 7.4.2024 година).

26 Падна договор за датум - двојни избори на 8 мај https://www.dw.com/mk/partiite-se-dogovorija-pretsedatelski-i-parlamentarni-izbori-na-8-maj/a-67626319 (последна посета: 11.4.2024 година).

27 Поднесени 17 листи на пратеници за парламентарните избори до ДИК https://nezavisen.mk/podneseni-17-listi-na-pratenici-za-parlamentarnite-izbori-do-dik/ (последна посета: 7.4.2024 година).

| Политички партии и коалиции | Изборни единици |
|---|---|
| СДСМ („Коалиција за европска иднина“) | ИЕ1, ИЕ2, ИЕ3, ИЕ4, ИЕ5, ИЕ6 |
| ВМРО-ДПМНЕ (Коалиција „Твоја Македонија“) | ИЕ1, ИЕ2, ИЕ3, ИЕ4, ИЕ5, ИЕ6 |
| ЗНАМ – За наша Македонија | ИЕ1, ИЕ2, ИЕ3, ИЕ4, ИЕ5, ИЕ6 |
| Родина | ИЕ1, ИЕ2, ИЕ3, ИЕ4, ИЕ5, ИЕ6 |
| Аваја | ИЕ 3, ИЕ4, ИЕ5, ИЕ6 |
| Работничка партија | ИЕ1, ИЕ2, ИЕ3, ИЕ4, ИЕ5, ИЕ6 |
| Твоја партија | ИЕ1, ИЕ2, ИЕ3, ИЕ4 |
| ГРОМ | ИЕ1, ИЕ2, ИЕ3, ИЕ4, ИЕ5, ИЕ6 |
| Македонска ера Трета сувереност | ИЕ1, ИЕ2, ИЕ3, ИЕ4, ИЕ5, ИЕ6 |
| ДУИ („Коалиција за европски фронт“) | ИЕ1, ИЕ2, ИЕ3, ИЕ4, ИЕ5, ИЕ6 |
| Демократи | ИЕ1, ИЕ2, ИЕ3, ИЕ4, ИЕ5, ИЕ6 |
| Единствена Македонија | ИЕ1, ИЕ2, ИЕ3, ИЕ4, ИЕ5, ИЕ6 |
| Група избирачи ЏУЛА ЧЕЛИКУ | ИЕ 6 |
| Коалиција „Вреди“ | ИЕ1, ИЕ2, ИЕ3, ИЕ4, ИЕ5, ИЕ6 |
| Левица | ИЕ1, ИЕ2, ИЕ3, ИЕ4, ИЕ5, ИЕ6 |
| Десна | ИЕ1, ИЕ2, ИЕ3, ИЕ4, ИЕ5, ИЕ6 |
| Нова алтернатива | ИЕ 1,ИЕ 2, ИЕ3, ИЕ4 |

Истовремено со овие партиски активности се засили политичката поларизација и се интензивираше политичката реторика, а се очекува овие процеси да кулминираат за време на предизборните кампањи. Во извештајот на ОДИХР објавен на 29 февруари[28] се оценува дека медиумското покривање на изборната кампања е фрагментизирано и поларизирано, дека има забележителен пораст на националистичката реторика што може да резултира со засилени немири и тензии, како и дека било забележливо зголемување на нетолерантната и насилна реторика.[29]

Техничкиот министер за внатрешни работи, Панче Тошковски, изрази загриженост за можни нерегуларности во шестата изборна единица, упатувајќи критики до

28 Извештај ОБСЕ/ОДИХР https://www.osce.org/files/f/documents/b/e/563592.pdf (последна посета: 7.4.2024 година).
29 ОДИХР со повеќе од 300 набљудувачи на изборите, очекува засилени немири и тензии https://telma.com.mk/2024/03/11/odihr-so-poveke-od-300-nabluduvachi-na-izborite-ochekuva-zasileni-nemiri-i-tenzii/ (последна посета: 7.4.2024 година).

актуелната влада бидејќи откако е на функција не му било овозможено да назначи нов началник на СВР Тетово, иако тоа право го има во согласност со законот.[30]

На 29 март директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ), Зоран Трајчевски, истакна дека Обвинителството треба да внимава како ќе се трошат државните пари за изборни реклами кај порталите. Трајчевски смета дека Јавното обвинителство треба да обрне внимание на онлајн-медиумите, кои добиваат по 15 000 евра државни пари за партиски реклами за време на изборите, додавајќи дека оваа година се пријавени 251 интернет-портал. Според Трајчевски, многу од тие портали се партиски и ги снемува по изборите. Истиот ризик го потенцираше и претседателката на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), Татјана Димитровска, која истакна дека не е регулирано како ќе се трошат околу 2,5 милиони евра наменети за партиско рекламирање на интернет.[31]

Уште пред почетокот на предизборните кампањи започнаа политичките конфронтации меѓу СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ, а слична е и ситуацијата во албанскиот политички блок. СДСМ го обвини ВМРО-ДПМНЕ за креирање лажни вести и анкети, презентирани на јавниот сервис, додека ВМРО-ДПМНЕ тоа го демантираше и најави тужби за клевета.[32] Политичките конфронтации меѓу СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ во однос на овие теми може да се очекува да продолжат до изборите.

СДСМ на овие избори ќе ја предводи „Коалиција за европска иднина", со ветување дека ќе биде предводник во реформските процеси и ќе се залага за завршување на преговорите со ЕУ до 2028 година и членство до 2030 година.[33] Оваа коалиција ќе ја сочинуваат вкупно 14 партии.

Иако имаше одредени најави дека на претстојните избори СДСМ и ДУИ ќе настапат заеднички и ќе формираат таканаречен широк европски фронт, кој според нив би ги обединил сите политички и општествени чинители што го поддржуваат членството во ЕУ, сепак, овие партии од владејачкото мнозинство одлучија да настапат самостојно. Во голема мера оваа одлука се должи на внатрепартиските анализи и проценки, но и на фактот дека во албанскиот

30 Тошковски отвора сомнеж за регуларноста на изборите во Тетово, Гостивар и околината https://telma.com.mk/2024/03/27/toshkovski-otvora-somnezh-za-regularnosta-na-izborite-vo-tetovo-gostivar-i-okolinata/ (последна посета: 7.4.2024 година).

31 Ризик од злоупотреба со парите за изборни реклами https://prizma.mk/rizik-od-zloupotreba-od-parite-za-izborni-reklami/ (последна посета: 7.4.2024 година).

32 ВМРО-ДПМНЕ најави тужба за клевета против СДСМ: Документите што ги објавија се измислени https://360stepeni.mk/vmro-dpmne-najavi-tuzhba-za-kleveta-protiv-sdsm-dokumentite-shto-gi-objavija-se-izmisleni/ (последна посета:7.4.2024 година).

33 СДСМ и 13 партии формираа „Коалиција за европска иднина" https://www.dw.com/mk/sdsm-i-13-partii-so-koalicijata-za-evropska-idnina-ke-odat-na-izbori/a-68684980 (последна посета: 7.4.2024).

блок се формираше обединет опозициски фронт. Поради новонастанатите политички констелации и фактот што обединетата албанска опозиција „Вреди“ истапи со заеднички претседателски кандидат, ДУИ донесе одлука да настапи со свој кандидат за претседател и да не го поддржи кандидатот на СДСМ, Стево Пендаровски, кој на претходните претседателски избори беше заеднички консензуален кандидат на СДСМ и ДУИ. На ваквата одлука на ДУИ претходеше и политичка конфронтација со актуелниот претседател Стево Пендаровски, поради неговото непотпишување на Законот за игри на среќа и за забавни игри, истакнувајќи дека тоа го направил поради сериозните укажувања од ЕУ дека се злоупотребува европското знаменце во процесот на носење на овој закон.[34]

ВМРО-ДПМНЕ ќе ја предводи коалицијата „Твоја Македонија“ и во согласност со предизборната програма „Платформа 1198“ приоритети ќе бидат економијата, борбата со корупцијата и враќање на довербата на граѓаните во институциите.[35] Во рамките на коалицијата се вклучени  вкупно 24 партии.

Партиите „Достоинство“, Обединети за Македонија (ОМ) и Демократски сојуз (ДС), кои беа коалициски партнери на СДСМ, во пресрет на изборите одлучија да ја напуштат досегашната коалиција со СДСМ и се приклучија на коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ. Лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоси, истакна дека со овие партии имаат принципиелен заеднички договор за настап на следните парламентарни избори.[36] Лидерите на „Достоинство“, Стојанче Ангелов, и на  ДС, Павле Трајанов, истакнаа дека нивните одлуки во голема мера се должат поради неисполнети ветувања и очекувања од досегашниот коалиционен партнер, како и поради блокирањето на нивните предлози во Собранието.[37] Лидерот на ОМ, Љубе Бошковски, истакна дека одлуката за коалицирање со ВМРО-ДПМНЕ е од идеолошки причини.[38]

34 Претседателот Пендаровски не го потпиша Указот за прогласување на Законот за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри https://pretsedatel.mk/dopis_13022024/ (последна посета: 9.4.2024).

35 ВМРО-ДПМНЕ ја претстави предизборна коалиција наречена „За твоја Македонија“ https://kanal5.com.mk/vmro-dpmne-ja-pretstavi-predizborna-koalicija-narechena-za-tvoja-makedonija/a632907 (последна посета: 7.4.2024 година).

36 Мицкоски: Имаме принципиелен договор за настап на парламентарните избори врз кој ќе функционираме како идна влада - https://makfax.com.mk/makedonija/%D0%BC%D0%B8%D1%86%D0%BA%D0%BE%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%B8%D0%BC%D0%B0%D0%BC%D0%B5-%D0%BF%D1%80%D0%B8%D0%BD%D1%86%D0%B8%D0%BF%D0%B8%D0%B5%D0%BB%D0%B5%D0%BD-%D0%B4%D0%BE%D0%B3%D0%BE%D0%B2%D0%BE%D1%80/ (последна посета: 9.4.2024 година).

37 Партиски прегрупирања пред изборите  https://www.dw.com/mk/partiite-se-pregrupiraat-pred-izborite-se-pravat-novi-koalicii-se-zaokruzuvaat-izbornite-listi/a-68659288 (последна посета: 9.4.2024 година).

38 Бошкоски: Коалиција со ВМРО-ДПМНЕ ќе биде од идеолошка причина https://netpress.com.mk/boshkoski-koalici-a-so-vmro-dpmne-e-bide-od-ideoloshka-prichina/ (последна посета: 9.4.2024 година).

Во албанскиот политички блок, ДУИ на овие избори ќе ја предводи коалицијата „Европски фронт“.[39] Соочени со здружената албанска опозиција, ДУИ се одлучи на овие избори да настапи со широка коалиција. На 25 март во Тетово ДУИ, ДПА, Европска демократска партија и Народно движење потпишаа коалициски договор за „Европскиот фронт“ предводен од Али Ахмети. Договорот го потпишаа претседателите на четирите партии, Али Ахмети, Мендух Тачи, Аријанит Хоџа и Скендер Реџепи-Зејд, а подоцна се приклучија и други партии од помалите етнички заедници, како и крилото на Зијадин Села од АА. Ахмети истакна дека очекува голема победа на изборите и дека фронтот ќе функционира до остварувањето на целта – членство во ЕУ.[40] Оваа коалиција е составена од вкупно девет партии.

Здружената албанска опозиција „Вреди“ ќе се обиде да ја ослабе долгогодишната политичка позиција на ДУИ. Оваа коалиција е составена од неколку партии: Демократско движење на Изет Меџити, Движење БЕСА на Биљал Касами, Алтернатива на Африм Гаши, еден дел од партијата Алијанса за Албанците предводена од претседателот на партијата Арбен Таравари, како и поддржувачи на партијата Самоопределување на косовскиот премиер Албин Курти. Целта на овој опозициски блок е по долги години да ја истисне ДУИ од власта.

За освојување пратенички места, од оние партии на кои им се дава одредени шанси за влез во Собранието, ќе претендираат и политичките партии Левица, „ЗНАМ – За наша Македонија“ на Максим Димитриевски и коалицијата „Храбро за Македонија“ предводена од Граѓанска опција за Македонија (ГРОМ), а во првите четири изборни единици ќе учествува и партијата Нова алтернатива на градоначалничката на Град Скопје, Данела Арсовска.

Првиот круг од претседателските избори ќе биде значајна одредница во однос на позициите на политичките партии и во голема мера ќе биде показател за исходот од парламентарните избори. Истовремено, политичките партии ќе настојуваат да го искористат првиот круг од претседателските избори и за мобилизација на гласачкото тело во пресрет на парламентарните избори и одлучувачкиот втор круг од претседателските избори. Во главен фокус за време на предизборната кампања се очекува да биде темата за усвојувањето на уставните измени со цел деблокирање на евроинтегративните процеси, како

39 Ахмети со Европскиот фронт ќе ги мобилизира гласачите https://www.dw.com/mk/ahmeti-so-evropskiot-front-ke-gi-mobilizira-glasacite-i-ke-se-bori-protiv-ruskoto-vlijanie/a-68613769 (последна посета: 7.4.2024 година).

40 Во Европскиот фронт на ДУИ влегоа четири партии https://nezavisen.mk/vo-evropskiot-front-na-dui-vlegoa-chetiri-partii/ (последна посета: 9.4.2024 година).

и економските теми за подобрување на животниот стандард на граѓаните и борбата против корупцијата. Прашањето за усвојувањето на уставните измени може да биде и клучен фактор во политичките комбинаторики и во формирањето нови политички констелации по изборите.

## Подготовки за парламентарните избори

На 14 февруари ДИК го донесе Роковникот за извршување на изборните дејствија за спроведување Избори за пратеници во Собранието.[41] Во рамките на подготвителните активности, ДИК во континуитет ги надополнува општинските изборни комисии (ОИК) со членови на местата на оние на кои им престанал мандатот или имало барања за разрешувања, но не подоцна од 26 март. Според Роковникот, Општинската изборна комисија (ОИК) треба да ги формира избирачките одбори (ИО) најдоцна до 26 март, а до тој термин ДИК треба да ги оформи и ИО во дипломатско конзуларните претставништва (ДКП)[42].

Јавниот увид на избирачкиот список во подрачните единици на ДИК, на веб-страницата http://izbirackispisok.gov.mk/, како и во ДКП (за гласање во странство), беше отворен 20 дена во периодот 28 февруари – 18 март 2024 година. Оние граѓани кои во овој период утврдија дека ги нема во Избирачкиот список, а ги исполнуваат условите за право на глас, можеа да побараат да бидат запишани. Во периодот од распишување на изборите до затворањето на јавниот увид на Избирачкиот список државјаните на Република Северна Македонија кои живеат во странство и кои ги исполнуваат условите за гласање во странство можеа да се пријават за да го реализираат ова свое право.

Избирачкиот список во кој се извршени сите промени кои произлегле од јавниот увид, отпечатен во вид на изводи, ДИК го заклучува најдоцна 15 дена по завршениот јавен увид, односно најдоцна на 2 април. На седницата одржана на 2 април, ДИК го заклучи Избирачкиот список и за парламентарните и за претседателските избори. Во Избирачкиот список за парламентарните избори се запишани се 1 815 350 избирачи, додека за претседателските избори 1 814 317 избирачи.[43]

41 Роковник за парламентарни избори https://drive.google.com/file/d/1iN8Gim1W542gkDasz_aDHK0pX_43dEcZ/view (последна посета: 7.4.2024 година).

42 Со оглед на недоволниот број на пријавени гласачи, за овие избори нема да се организира гласање надвор од државата.

43 ДИК го заклучи Избирачкиот список: За претседателските избори има 1 814 317 гласачи, а за парламентарните 1 815 350 https://360stepeni.mk/dik-go-zakluchi-izbirachkiot-spisok-za-pretsedatelskite-izbori-ima-1-814-317-glasachi-a-za-parlamentarnite-1-815-350/ (последна посета: 7.4.2024 година).

Во дијаспората ќе се организираат избори само за претседател, поради тоа што не е постигната законската норма на пријавени гласачи. За да се организира гласање за парламентарните избори во дијаспората беше потребно да се пријават најмалку 5 355 гласачи, колку што на претходните избори имал освоено пратеникот со најмал број гласови од изборните единици од територијата на државата.[44]

ДИК го потпишува заклучениот Избирачки список, односно изводите од Избирачкиот список на кои се гласа, најдоцна 15 дена пред денот на одржувањето на изборите, односно за овие избори најдоцна на 22 април.

Според Роковникот, финансиските извештаи (со спецификација на трошоците за приходите и расходите на жиро-сметката) на учесниците во изборната кампања до ДИК, Државниот завод за ревизија (ДЗР) и Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК) се доставуваат во следниве рокови:

- на 11. ден од изборната кампања, односно 28 април, како и во рок од еден ден по завршувањето на кампањата, односно 7 мај, за примени донации за изборна кампања;
- вкупниот финансиски извештај со спецификација за трошоците за приходите и расходите се доставува веднаш, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на затворање на трансакциската сметка.

Исто така, радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет портали) се должни да поднесат извештај до Министерството за финансии (МФ), ДИК, ДЗР и ДКСК, за рекламниот простор искористен од секој од учесниците во изборната кампања, најдоцна до 21 мај.

Организациите и лицата доставуваат барање за набљудување до ДИК од денот на распишувањето на изборите, а најдоцна 10 дена пред денот на гласањето, односно за овие избори во периодот од 14 февруари до 27 април. ДИК им издава овластувања на набљудувачите најдоцна седум дена по приемот на барањето.

До 2 април до 24 часот, односно 35 дена пред денот на одржувањето на изборите, политичките партии до ДИК ги поднесоа своите кандидатски листи за парламентарни избори. До крајниот рок беа поднесени листи од 17 учесници,

44 Даштевски: Подготовките за претседателските и за парламентарните избори без проблеми согласно законот и роковникот https://a1on.mk/macedonia/dashtevski-podgotovkite-za-pretsedatelskite-i-za-parlamentarnite-izbori-bez-problemi-soglasno-zakonot-i-rokovnikot/ (последна посета: 7.4.2024 година).

односно 11 политички партии, пет коалиции, како и една независна листа од група избирачи.

Изборната кампања за парламентарните избори започнува 20 дена пред денот на изборите, односно  на 18 април во 00:00 часот и трае до 24 часот на 6 мај.

Во согласност со член 8-а од Изборниот законик, 20 дена пред почетокот на изборната кампања започна периодот во кој не може да се одржуваат јавни настани по повод започнување на изградба или пуштање во употреба на објект или инфраструктура финансирана со средства од Буџетот, јавните фондови, како и средствата на јавните претпријатија со државен капитал.[45]

Редоследот на гласачкото ливче на коалициите и партиите кои имаат свој кандидат на претседателските избори ќе биде ист како и за претседателските кандидати, а за другите партии ќе се изврши дополнително ждребување во ДИК, во согласност со последните измени на Изборниот законик кои Собранието ги изгласа во рамки на 150. седница.[46]

## Последни измени на изборното законодавство

Од последниот изборен циклус до денес се направија повеќе измени кои се однесуваат на одредбите од Изборниот законик на Република Северна Македонија (РСМ). Собранието во март годинава, по скратена постапка и со 84 гласа „за" ги донесе новите измени во Изборниот законик. Измените се поврзани со државните изборни тела, финансирање на политичката кампања, учесниците во кампањата, како и медиумската покриеност на изборната кампања.[47]

Поради новонастанатата ситуација со важноста на личните документи на граѓаните, постоеше сериозна опасност на над 100 000 граѓани да им биде ускратено правото на глас на претстојните избори. На предлог на ДИК, во измените на Изборниот законик се најде и преодна одредба која го уредува пра-

45 Изборен законик https://drive.google.com/file/d/1ZJMruqcNl-yC5VuWSzpfT9BFeKphm5An/view (последна посета: 9.4.2024 година).
46 Партиите ги доставија до ДИК листите за пратеници за изборите на 8 мај, рокот за поднесување заврши https://360stepeni.mk/partiite-do-dik-gi-dostavija-listite-za-pratenitsi-za-izborite-na-8-maj-rokot-za-podnesuvane-zavrshi/ (последна посета: 7.4.2024 година).
47 „Службен Весник на Република Северна Македонија", Закон за изменување и дополнување на изборниот законик 58/2024.

вото избирачот да може да гласа со лична карта или патна исправа чијашто важност истекла во периодот од девет месеци до денот на одржување на претседателските, односно парламентарните избори.[48]

Дополнително, се допрецизираа одредбите во однос на регистрацијата на новите гласачи, па така со право на глас ќе се стекнат сите кои заклучно со денот на изборите ќе наполнат 18 години. Ова значи дека граѓаните што ќе се стекнат со полнолетство помеѓу двата изборни циклуси, ќе имаат право на глас само на парламентарните избори. [49]

Со измените на членовите 61 и 62 од Изборниот законик значително се отежнува процесот независните кандидати да бидат избрани на локално и национално ниво. Имено, во согласност со членот 61, на подносителите на независни парламентарни листи наместо досегашните 1 000 потписи во иднина ќе им бидат потребени потписите на 1 % од регистрираните избирачи во Избирачкиот список на конкретната изборна единица.[50] Дополнително, со измената на членот 62 што се однесува на изборите за општински советници и градоначалник, наместо досегашните потребни потписи кои варираа од 100 до 1 000 (зависно од бројот на жители во конкретната општина), сега се зголемува на 1 % од запишаните избирачи во Избирачкиот список на дадената општина.[51] Дел од независните советнички листи кои настапија на минатите локални избори реагираа на измените на овие два члена, обвинувајќи дека не се со согласност со препораките на ОБСЕ, но и дека постои опасност со измените да ги истиснат од учество на следните локални избори во 2025 година.[52]

48 „Над 100 000 граѓани немаат документи за гласање на избори, ДИК предложи измени на Изборниот законик, Собранието на потег". Телма, 4 март 2024. Пристапено на https://telma.com.mk/2024/03/04/nad-100-000-gragani-nemaat-dokumenti-za-glasane-na-izbori-sobranieto-na-poteg-otkako-dik-predlozhi-izmeni-na-izborniot-zakonik/ (последна посета: 27 март 2024).

49 „ДИК: Граѓаните што ќе наполнат 18 години помеѓу двата круга на претседателските избори на 8 мај ќе може да гласаат само за избор на пратеници". 360 степени, 15 март 2024. Пристапено на: https://360stepeni.mk/dik-graganite-shto-ke-napolnat-18-godini-pomegu-dvata-kruga-na-pretsedatelskite-izbori-na-8-maj-ke-mozhe-da-glasaat-samo-za-izbor-na-pratenitsi/ (последна посета: 26 март 2024).

50 За независна пратеничка листа во ИЕ1 наместо досегашните 1 000, во иднина ќе бидат потребни 3 372 потписи.

51 За независна советничка листа или градоначалник на Град Скопје наместо досегашните 1 000, во иднина ќе бидат потребни 4 674 потписи.

52 „Партиите ги истиснаа независните на гласачкото ливче". Радио Слободна Европа, 12 март 2024. Пристапено на: https://www.slobodnaevropa.mk/a/partiite-gi-istisnaa-nezavisnite-na-glasachkoto-livche/32858134.html (последна посета: 1 април 2024).

## Државна изборна комисија

Според последните измени, за член на Државната изборна комисија може да биде избрано лице државјанин на РСМ со постојано живеалиште во земјата, да има високо образование со најмалку осум години работно искуство и да не е член на орган на политичка партија. Собранието на РСМ во рок од 30 дена пред истекот на мандатот на Комисијата го објавува Огласот за избор на новиот состав, односно избор на претседателот, потпретседателот и членови на ДИК во „Службен весник на Република Северна Македонија", како и во дневниот печат. Огласот трае осум дена од денот на објавување во „Службен весник".

Постапката за избор на членови останува иста и се подготвува и спроведува од страна на Комисијата за прашања на изборите и именувањата во рамки на Собранието на РСМ. Оваа комисија подготвува предлог на листа од пријавените кандидати и ја доставува до Собранието. Од кандидатите на предлогот на листата, опозицијата предлага претседател и двајца члена, додека партиите на власт предлагаат потпретседател и тројца членови. Сите членови се избираат со двотретинско мнозинство од вкупниот број пратеници, за мандат од 5 години од денот на изборот.

Овогодинешните измени на Изборниот законик ја обврзуваат Државната изборна комисија да формира Центар за континуирана едукација на избори како посебна организациска единица во својата служба, со која ќе раководи државен советник на ниво Б1[53], кој одговара пред Комисијата и Генералниот секретар. Центарот ќе има за цел да обезбедува континуирана обука на изборната администрација, гласачите, учесниците во изборите, медиумите, и изборните набљудувачи, како и да изработува разни истражувања и анализи за потребите и по барање на ДИК. [54]

53 Според Член 24 од Законот за административни службеници, државен службеник од Б1 категорија е раководен административен службеник од прво ниво, кој ги исполнува условите да има најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку три на раководно работно место во приватен сектор.

54 „Службен Весник на Република Северна Македонија", Закон за изменување и дополнување на изборниот законик 58/2024.

## Финансирање на политичките партии

Законот за финансирање на политичките партии нема претрпено промени во последните неколку години. Остануваат да важат одредбите кои се однесуваат на спецификација на имотот и финансирање на политичките партии (движен и недвижен имот), висината на вкупните средства за годишно финансирање на политичките партии во висина од 0,15 % од вкупните изворни приходи на Буџетот на Република Северна Македонија, приватните извори на финансирање, висината на поединечните донации кои не смеат да ја надминат сумата од 60 просечни плати, како донација од правни лица и 30 нето просечни плати доколку е донација од физички лица. Со последните измени на Изборниот законик во март 2024, кон членот 83 се додаде нов став кој ги регулира поединечните донации кои политичките партии ги добиваат за изборните кампањи. Имено, износот на средствата кумулативно на трансакциската сметка за изборна кампања не смее да биде поголем од 3 000 евра во денарска противвредност од исто физичко лице или 30 000 евра во денарска противвредност од исто правно лице.

Средствата за финансирање на политичките партии, во износ од 30 % што се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, и понатаму се распоредуваат подеднакво на сите политички партии кои освоиле најмалку 1 % од вкупниот број на гласовите од последните парламентарни или локални избори. 70 % од средствата се распределуваат на политичките партии според бројот на избрани пратеници во Собранието на Република Северна Македонија на последните парламентарни избори и според бројот на избрани за советници на последните локални избори.

Членот 26 од Законот за финансирање на политичките партии предвидува надзорот врз финансирањето да го врши Државниот завод за ревизија. Членот, исто така, предвидува партиите да имаат само една жиро-сметка, а во случај на финансирање преку обезбедување средства од кредит од комерцијални банки, покрај основната жиро-сметка, може да имаат уште една посебна жиро-сметка за средствата на партијата обезбедени преку кредит. Исто така, политичката партија има право да врши пренос на средства помеѓу своите сметки, а партиско истражувачките-аналитички центри имаат посебна сметка. Средства од Буџетот на Република Северна Македонија во висина од 280 000 евра во денарска противвредност се предвидени и за годишно финансирање на партиско истражувачко-аналитичките центри кои се формирани во согласност со закон како дел од внатрешната организација на партијата.[55]

---

55 „Службен Весник на Република Македонија“, Закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии, 140/2018.

Со измените во законот во 2018 се создаде обврска за доставување финансиски извештај за материјално-финансиско работење на партијата, во кој е содржано финансиското работење на сметката, односно сметките на политичката партија. Со измените како дополнителен дел од финансискиот извештај се препознаваат ставките „спонзорство“ и „кредит“. Со измените се предвиде средствата наменети за финансирање на политичките партии да се исплаќаат во согласност со буџетските можности, но не подоцна од 1 март секоја тековна година.

## Јавни гласила

И овој изборен циклус останува да важи забраната од измените на Изборниот законик во 2018 со која од денот на распишување на изборите, па сè до почетокот на изборната кампања, радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (портали) не смеат да емитуваат, односно да објавуваат платено политичко рекламирање, освен огласи и соопштенија за собирање потписи за поддршка на кандидатура на група избирачи. Во случаите кога станува збор за емитување, односно објавување на соопштенијата за собирање потписи за поддршка на кандидатурите, тоа се прави во означени рекламни блокови на дозволеното време на рекламирање на еден реален час. Измените во Изборниот законик од март 2024 година, пак, предвидуваат ограничување во промоцијата на кандидатите, односно од моментот на потврдување на кандидатските листи до започнување на изборната кампања учесниците во изборите имаат право да организираат по еден јавен настан за промоција на нивните потврдени листи на кандидат/и и изборните програми. Следствено на тоа, со членот 69-а им се забранува на партиите да трошат од средствата наменети за изборната кампања во претходно споменатиот период.

За време на првиот и вториот круг од изборната кампања, радиодифузерите кои ги покриваат изборите можат да емитуваат вкупно девет минути и триесет секунди дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање. Од овие девет и пол минути, вкупно четири минути може да се одвојат за двете најголеми политички партии од власта, четири минути за двете најголеми политички партии на опозицијата, една минута за политичките партии во Собранието кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група, како и триесет секунди за политичките партии кои не се застапени во Собранието. Оваа година, поради одржувањето на

двојните избори, постои можноста во еден даден час партиите да се рекламираат вкупно 19 минути. Претходно, таков случај имаше во изборната кампања за двојните избори во 2014 година кога партиите се договорија за ограничување од 15 минути промоција во еден час.[56]

Со најновите измени во Изборниот законик, јавниот радиодифузен сервис, како и телевизиите кои ќе објавуваат платено политичко рекламирање, имаат обврска да ги објавуваат содржините поврзани со изборниот процес во формат достапен за лицата со попреченост, односно со користење знаковен јазик, титлови, тонски опис или други алатки за обезбедување пристапност, најмалку еднаш, во периодот од 16:00 до 24:00 часот. Дополнително, членот 75 ги обврзува давателите на услуги, пред почетокот на изборната кампања, да достават распоред до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни услуги (ААВМУ) за тоа кое издание на вести и кои други содржини ќе ги емитуваат во формат достапен за лицата со попреченост, а ААВМУ тоа да го објави на својата веб-страница.

56 „Избори 2024: Партиско ЕПП од епски размери". Призма, 8 февруари 2024. Пристапено на: https://prizma.mk/izbori-2024-partisko-epp-od-epski-razmeri/ (последна посета: 26 март 2024).

# 1

# Историјат на парламентарните избори во Република Северна Македонија (1990 – 2020)

# 1. Историјат на парламентарните избори во Република Северна Македонија (1990 – 2020)

Со воведувањето на политичкиот плурализам во 1989 година беше овозможено формирање политички партии, со што во **1990 година** македонските гласачи за прв пат имаа можност да гласаат на повеќепартиски избори. Тоа воедно беа и првите слободни повеќепартиски избори кои во текот на истата година се одржаа во сите шест републики на СФРЈ. Изборите во 1990 се одржаа според мнозинскиот изборен систем во два круга гласање, на ниво на 120 изборни единици. Во првиот круг победи дотогаш единствената и владејачка партија, Сојузот на комунисти на Македонија – Партија за демократска преобразба (СКМ-ПДП), а во вториот ВМРО-ДПМНЕ. На 20 март 1991 година Собранието ја изгласа првата експертска Влада на Република Македонија, на чело со Никола Кљусев. Во овој период Собранието го избра и Киро Глигоров за прв претседател на државата, а Љубчо Георгиевски, лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, за потпретседател на претседателот. Првата Влада не траеше долго, откако во август 1992 година Собранието ѝ изгласа недоверба. По неколку обиди за составување  нова Влада, мандатот го доби Бранко Црвенковски од СДСМ,[57] со што се формира првата политичка Влада во независна Македонија.

**Првите парламентарни избори** по осамостојувањето се одржаа во **1994 година**, истовремено со првите непосредни избори за претседател. Начинот на избор на пратеници беше истиот како и на изборите во 1990 година. На изборите учествуваа 38 партии и 283 независни кандидати. На изборите победи коалицијата предводена од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ), додека главните опозициски партии, ВМРО-ДПМНЕ и Демократската партија на Македонија, го бојкотираа вториот круг на гласањето, обвинувајќи на низа нерегуларности во првиот круг. По изборите, Бранко Црвенковски ја формира новата Влада која во својот четиригодишен мандат функционираше без најголемите опозициски партии кои ја бојкотираа работата на Собранието.

57 СКМ-ПДП на партискиот Конгрес во април 1991 година го смени името во Социјалдемократски сојуз на Македонија, а својата идеологија ја трансформираше од комунистичка во социјалдемократска.

Следните **парламентарни избори во 1998 година** се одржаа според изменет изборен модел – мешовит изборен систем, со комбинација на пропорционален и мнозински модел, со гласање во два круга. Победник на изборите беше ВМРО-ДПМНЕ со 49 пратенички мандати, при што лидерот Љубчо Георгиевски формираше влада заедно со Демократска алтернатива (ДА) и Демократска партија на Албанците (ДПА). Овие избори се првите во земјата кои беа набљудувани од Мисијата на ОБСЕ/ОДИХР, чии претставници пристигнаа на покана на македонското Министерство за надворешни работи.

**Парламентарните избори во 2002** се одржаа во затегната постконфликтна атмосфера. Карактеристично за овој циклус е што на политичката сцена во албанскиот политички блок се јави нов субјект, партијата Демократска унија за интеграција (ДУИ), формирана од страна на раководството на поранешната Ослободителна народна армија (ОНА). На овие избори дојде до повторна промена на изборниот модел, односно се пристапи кон пропорционалниот изборен модел, во шест изборни единици. Овој изборен модел се користи на сите наредни парламентарни избори до денес, со одредени модификации во делот на гласањето на дијаспората. На изборите настапија 33 партии, а дојде и до промена на власта откако мнозинството мандати го освои коалицијата предводена од СДСМ. Мандатар во новата влада повторно беше Бранко Црвенковски, а во владата беа вклучени СДСМ, ЛДП и ДУИ.

**Парламентарните избори во 2006 година** го бележат најнискиот одѕив на електоратот дотогаш откако само 56 % од запишаните гласачи го остварија своето право на глас. Политичките актери повторно ги сменија улогите откако ВМРО-ДПМНЕ го освои мнозинството во Парламентот. По изборите, Никола Груевски го доби својот прв мандат за формирање Влада. Новата влада беше составена од политичките партии ВМРО-ДПМНЕ, ДПА, НСДП и ПЕИ. Карактеристично за овој состав на Владата е што иако ДУИ освои повеќе гласови и пратеници, ВМРО-ДПМНЕ како свој партер од албанскиот блок ја избра ДПА на Мендух Тачи. Тоа резултираше со политичка криза и разни блокади од ДУИ. Тие сметаа дека поради резултатите се единствениот легитимен претставник на мнозинството Албанци во земјата, поради што мора да бидат дел од Владата. Во 2008 година ДПА донесе одлука да ја напушти Владата поради неисполнување на голем дел од условите договорени со својот партнер ВМРО-ДПМНЕ.

Две години по освојување на власта **во 2008 година**, владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ ја прифати собраниската иницијатива на ДУИ за распуштање на Собранието и организирање нови, предвремени избори. Излезноста на овие избори изнесуваше 57,06 %. Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ тогаш

освои рекордни 63 мандати. Владата повторно ја формираше Никола Груевски, а во неа покрај министри од коалицијата влегоа и министри на ДУИ како победници во албанскиот политички блок.

Во **2011 година**, по една од најсериозните политички кризи во државата и по барање на опозициската СДСМ, се одржаа вторите предвремени парламентарни избори во државата. Карактеристично за овие избори е што за прв пат ги опфатија и македонските државјани во странство откако бројот на изборните единици се зголеми од 6 на 9, а бројот на пратеници од 120 на 123. Пратениците од шесте изборни единици во државата се бираа според пропорционалниот модел, а за новите три единици во странство беше применет мнозинскиот модел. На изборите учествуваа 53 политички партии, при што повторно победата ја однесе коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ. По изборите, лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Никола Груевски, по трет пат формираше Влада во која повторно како претставник на албанскиот блок влезе ДУИ. Излезноста на овие избори изнесуваше 63,48 %.

**Парламентарните избори во 2014 година** се одржаа заедно со изборот на Претседател на државата. Се задржа истиот изборен модел од претходните избори, вклучувајќи го и гласањето на дијаспората. На претседателските избори повторно победи кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ, дотогашниот претседател Ѓорѓе Иванов, додека мандадот за состав на новата влада по четврти пат го доби лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Никола Груевски. Во новата Влада како партнер од албанскиот блок повторно влезе Демократската унија за интеграција. Излезноста беше 62,96 %.

На деветтите парламентарни избори во **2016 година** им претходеше турбулентен и динамичен период исполнет со многу политички превирања кои кулминираа во 2015 година со „аферата со прислушкувањето“, по што следуваа низа масовни протести кои придонесоа кон голема дестабилизација и почеток на една од најголемите кризи во модерната историја на државата. Со цел стабилизацијата на односите, под покровителство на меѓународната заедница беше потпишан Договорот од Пржино кој предвидуваше широк пакет-мерки за разрешување на политичката криза. Во јануари 2016 година СДСМ најави дека нема да учествува на договорените избори поради неисполнување на условите од Договорот, по што одржувањето на изборите се одложи до декември истата година. И на овие избори најмногу мандати доби коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ со освоени 51 мандат, додека опозицијата предводена од СДСМ освои 49. Веднаш по изборите следуваа интензивни преговори помеѓу ДУИ и двете најголеми македонски партии. Овие преговори резултираа со коалициски договор помеѓу СДСМ и ДУИ, но тогашниот претседател на државата, Ѓорѓе Иванов, одби да го додели

мандатот на лидерот на СДСМ, Зоран Заев, обвинувајќи го дека ја „руши сувереноста на државата“ преку прифаќање на т.н. Албанска платформа. По неколкумесечната криза која вклучуваше и упад во Собранието на 27 април 2017 година, на 17 мај 2017 Иванов го додели мандатот на Заев, а Собранието на 31 мај со 62 гласа „ЗА“ ја изгласа новата коалициска влада предводена од СДСМ.

## Парламентарни избори 2020 година

Десеттите по ред избори на пратеници се одржаа во 2020 година во период на пандемијата предизвикана од вирусот Ковид-19. Карактеристично за овие избори беше што за прв пат се одржаа во период од три дена. Во првиот ден, на 13 јули, во своите домови гласаа лицата на кои им беше одредена мерка самоизолација. Вториот ден гласаа болните и немоќните лица, лицата во домашен притвор, како и затворениците во казнено-поправните установи, додека третиот ден, 15 јули, беше главниот изборен ден. Во такви околности, излезеноста на изборите (52,02 %) беше пониска за 14 % од онаа во 2016 кога гласачкото право го оствариja 66,79 % од запишаните избирачи.

На изборите земаа учество 15 политички субјекти, односно 3 коалиции и 12 политички партии. Коалициски настапи имаа владејачката СДСМ со коалицијата „Можеме“, опозициската ВМРО-ДПМНЕ со својата коалиција „Обнова на Македонија“ и коалицијата на Алијанса за Албанците и Алтернатива. Во трката за пратенички мандати самостојно настапија: ДУИ, ДПА, Политичката партија Левица, Интегра – Македонска конзервативна партија, Граѓанско демократската унија (ГДУ), МОРО – Работничка партија, Политичка партија Глас за Македонија, Единствена Македонија, Социјалдемократска унија Скопје, Твоја партија, Политичка партија Демократи и Народна партија на Ромите.

Поради ризикот од ширење на вирусот, пред почетокот на кампањата Владата донесе протоколи со кои масовните настани и собири беа ограничени, па политичките партии беа принудени да користат различни методи за комуникација со електоратот. Така, фокусот од организирање масовни митинзи и големи собири се сврте кон масовна кампања на социјалните мрежи.

По завршувањето на гласањето веб-страницата на Државната изборна комисија беше мета на хакерски напади со што соопштувањето на изборните резултати накратко се пролонгираше. Тогашниот претседател на ДИК, Оливер Деркоски, на прес-конференција изјави дека Комисијата работи во согласност

со Изборниот законик, дека мета на хакерите била веб-страницата, а не софтверот за резултати и дека нападот е пријавен во одделот за сајбер-криминал при Министерството за внатрешни работи.[58]

И на овие избори, како и на парламентарните избори во 2016 година, се водеше речиси „мртва трка“ помеѓу двете најголеми партии од македонскиот блок, СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ, кои освоија помал број на пратенички мандати во споредба со претходните избори. Коалицијата „Можеме“, предводена од СДСМ, освои најголем број мандати – 46 или 35,89 % од вкупниот број на гласови. Веднаш зад неа, со 2 мандата помалку беше коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, која на овие избори освои 44 мандати, што е 34,57 % од вкупниот број на гласови. На трето место по бројот на освоени мандати се најде ДУИ со 15 пратеници. Коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива освои значително подобар резултат од претходните избори, со што доби 12 пратенички мандати. За прв пат политичката партија Левица беше претставена во Собранието со освоени два мандата, додека ДПА постигна послаб резултат од претходните избори и успеа да добие само еден пратенички мандат. Останатите партии и коалиции кои учествуваа на овие избори не освоија доволен број гласови за да обезбедат пратенички места.

Мисијата на ОБСЕ/ОДИХР оцени дека изборната кампања имала негативен тон, но била конкурентна и учесниците имале можност да ги пренесат своите пораки и покрај ограничувањата предизвикани од пандемијата со Ковид 19. СДСМ ги оценија изборите за достоинствени, слободни, демократски и безбедни. Од друга страна, од ВМРО-ДПМНЕ беше посочено дека за време на изборите се вршеле сериозни притисоци, имало бројни нерегуларности и масовен поткуп на гласачи. Алијанса и Алтернатива обвинија за полнење кутии во повеќе избирачки места. Од политичката партија Левица, пак, беа поднесени дури 1 982 приговори до ДИК, од кои 1 478 беа одбиени со образложение дека се доставени без потпис на овластено лице, а останатите поради недостиг на докази.

На 4 август 2020 година се одржа конститутивната седница на Собранието на Република Северна Македонија на која беа верификувани мандатите на 120 новоизбрани претставници и беше верификуван новиот состав на Собранието. Со седницата претседаваше претседателот од претходниот мандат, Талат Џафери, кој истиот месец беше реизбран со 62 гласа „ЗА“, за нов четиригодишен мандат.[59] Собранието ја

58 „ДИК - изборни резултати, мандати, хакирања, реакции и оценки“, Радио Слободна Европа, 16 јули 2020. Пристапено на: https://www.slobodnaevropa.mk/a/%D0%B4%D0%B8%D0%BA-D1%81%D0%B4%D1%81%D0%BC-%D0%B2%D0%BC%D1%80%D0%BE-%D0%B4%D0%BF%D0%BC%D0%BD%D0%B5/30731705.html (последна посета: 5 април 2024).

59 „Талат Џафери реизбран за претседател на Собранието“, Канал 5, 22 август 2020. Пристапено на: https://kanal5.com.mk/talat-djaferi-reizbran-za-pretsedatel-na-sobranieto/a435725 (последна посета: 5 април 2024).

избра новата Влада предводена од Зоран Заев, во која покрај СДСМ и коалицијата учествуваа и ДУИ и БЕСА.

Повеќе информации за историјатот на парламентарните избори од независноста до денес може да погледнете во „Прирачникот за парламентарни избори во Република Северна Македонија 2020 година“.[60]

## Одѕив на парламентарни избори (1990 – 2020)

Од податоците од сите досегашни парламентарни избори, сметајќи од 1990 па сè до изборите во 2020 година, може да се забележат динамични промени во одѕивот на гласачите. Првите парламентарни избори во 1990 останувaат како избори со најголем одѕив досега од 85 %. Долната граница на излезноста на парламентарните избори повеќе од една декада ја одбележуваа изборите од 2006 година, но претходните парламентарни избори во 2020 година спроведени во екот на пандемијата  ја поместија за 4 % подолу, односно на рекордно ниски 52 % од вкупниот број регистрирани гласачи.[61]

*Одѕив на парламентарни избори во % (1990 –2020)*




60 Прирачник за парламентарни избори во Република Северна Македонија 2020 година, второ дополнето издание. КАС и ИДСЦС, 2020 година. Стр. 25-44. Пристапено на: https://izbornaarhiva.mk/dokumentacija/prirachnici/Prirachnik_za_parlamentarni_izbori_2020_MKD.pdf (последна посета: 5 април 2024).

61 Државна изборна комисија, Архива на резултати. Пристапено на: https://www.sec.mk/izbori-arhiva/ (последна посета: 5 април 2024).

2

# Македонски изборен систем за парламентарни избори

# 2. Македонски изборен систем за парламентарни избори[62]

Пратеник во Собранието на Република Северна Македонија **се избира на општи, непосредни и слободни избори** со тајно гласање за мандат од 4 години. На парламентарните избори се избираат 120 – 123 пратеници, а според Уставот на Република Северна Македонија Собранието може да се состои од 120 до 140 пратеници.

Пратениците се избираат по пропорционален изборен модел на затворени кандидатски листи, при што во секоја од шесте изборни единици на кои е поделена територијата на државата се избираат по 20 пратеници. Секоја од партиите добива пратенички места пропорционално на бројот на гласовите за нејзината кандидатска листа споредено со бројот на гласовите за другите кандидатски листи. Распределбата на пратеничките мандати се врши со примена на Донтовата формула. Кандидатите ги добиваат мандатите според редоследот по кој се утврдени на кандидатските листи.

Изборите за пратеници се одржуваат секоја четврта година во последните 90 дена од мандатот на претходниот пратенички состав, или во рок од 60 дена од денот на распуштање на Собранието. При предвремени избори сите рокови за изборните дејствија се скратуваат за пет дена, освен рокот утврден за спроведување на изборната кампања.

**Мандатот на пратеник** може да престане пред истекот на времето за кое е избран ако поднесе оставка, ако е осуден за кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку пет години, ако настапи случај на неспојливост со функцијата пратеник, во случај на смрт или доколку со правосилно решение е лишен од деловна способност. Ако на пратеник кој е избран од листата на кандидати му престане мандатот според еден од овие основи, тогаш за остатокот од мандатот на негово место доаѓа следниот кандидат од изборната листа на партијата на која бил избран пратеникот. Исклучок од ова правило е доколку дојде до престанок на мандатот на жена пратеник. Во таков случај на нејзино место доаѓа следниот кандидат жена од листата.

62 „Службен весник на Република Северна Македонија“, Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик 58/2024.

Новиот пратенички состав на Собранието се конституира на првата седница која се одржува најдоцна 20 дена по денот на изборите, а ја свикува претседателот во заминување. Доколку Собранието не се конституира во тие 20 дена, тогаш пратениците сами се состануваат и го конституираат Собранието на дваесет и првиот ден од денот на завршувањето на изборите во 10 часот, а седницата треба да ја свика најстариот по години избран пратеник.

Во рок од десет дена по конституирањето на новиот состав на Собранието, Претседателот на Република Северна Македонија е должен да го довери мандатот за состав на новата Влада на кандидат (мандатар) од партијата или партиите кои имаат мнозинство пратеници. Мандаторот во рок од 20 дена од денот на доверувањето на мандатот му поднесува на Собранието програма и го предлага составот на Владата. Пратениците потоа со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници ја избираат Владата.

**Државната изборна комисија (ДИК)**, заедно со општинските изборни комисии (ОИК) и Изборната комисија на Градот Скопје, избирачките одбори (ИО) за гласање во земјата и во дипломатско-конзуларните претставништва (ДКП) на Република Северна Македонија се изборните органи задолжени за спроведување на парламентарните избори.

Државната изборна комисија е составена од седум члена кои ги избира Собранието, на предлог на партиите, со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, за мандат од пет години од денот на изборот. Во надлежностите на ДИК спаѓа и објавувањето на Избирачкиот список, кој треба да биде ставен на јавен увид на граѓаните во рок од 15 дена од датумот на распишување на изборите.[63] Јавниот увид во Избирачкиот список трае 20 дена. ДИК располага со стручна служба која е раководена од страна на генерален секретар и ги врши стручно-административните и организациско-техничките работи. ДИК е одговорна да ги информира и да ги едуцира граѓаните за начинот на гласање и за остварување на избирачкото право.

**Право на глас** има секој македонски државјанин со наполнети 18 години и кој е деловно способен и е со постојано живеалиште во изборната единица каде што се врши изборот. Гласањето е тајно и никој не смее да го повика избирачот на одговорност поради гласањето, ниту, пак, од него да бара да каже за кого гласал или зошто не гласал.

---

63 Увид во Избирачки список. Пристапено на: https://www.sec.mk/uvid-vo-izbirachki-spisok/ (пристапено на: 16 април 2024).

**Право да се кандидира** за пратеник има секој полнолетен и деловно способен граѓанин. Притоа, еден кандидат може да биде предложен само на една листа, а еден подносител на листа може да поднесе само една листа на кандидати за пратеници. На кандидатските листи за пратеници е неопходно најмалку 40 % од кандидатите да му припаѓаат на помалку застапениот пол, при што на секои три места најмалку едно место му припаѓа на помалку застапениот пол и дополнително уште најмалку по едно место на секои 10 места.

**Право да поднесат листа на кандидати** за пратеници имаат регистрираните политички партии самостојно, коалиции, како и група избирачи. Според најновите законски измени од март 2024 година, групата избирачи со поднесувањето кандидатска листа е потребно да приложи и потписи од најмалку 1 % од запишаните избирачи во изводот на Избирачкиот список на изборната единица.

**Функцијата пратеник во Собранието е неспојлива** со функцијата претседател на Републиката, претседател на Владата, министер, судија, јавен обвинител, јавен правобранител, народен правобранител и со други носители на функции кои ги избира или ги именува Собранието и Владата на Република Северна Македонија. Функцијата пратеник, исто така, е неспојлива со функцијата градоначалник или член на совет на локална самоуправа, со извршување стручни и управни работи во органите на државната управа, извршување стопанска или друга профитна дејност, членување во управни одбори на јавни претпријатија, јавни установи, фондови, агенции, заводи и во други правни лица, како и со изборот на претставник на државниот и општествен капитал во трговските друштва.

**Изборна кампања** е јавно претставување на кандидатите и нивните програми во предизборниот период за одреден вид на избори. Изборната кампања за парламентарни избори започнува 20 дена пред денот на изборите, односно на 18 април во 00:00 часот и завршува на 6 мај во 24:00 часот.[64] Денот пред одржувањето на изборите, односно 7 мај, е ден на предизборен молк кога кандидатите не смеат да водат изборна кампања, а јавните гласила не смеат да вршат изборно претставување на учесниците во изборниот процес.

64 Роковник за извршување на изборните дејствија за спроведување на избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, Државна изборна комисија. Пристапено на: https://mojotizbor.mk/images/2024/Rokovnik_za_Parlamentarni_izbori_2024_godina_-_MK.pdf (последна посета: 16 април 2024).

Организаторите на изборната кампања треба да отворат посебна банкарска сметка преку која единствено може да се финансира кампањата и таа не може да се користи за друга намена. Притоа, кампањата може да се финансира од средства од редовната сметка на политичката партија, членарината на политичките партии, донации и кредити наменети за изборна кампања. Учесниците во изборната кампања смеат да потрошат најмногу до 110 денари по запишан избирач во изборната единица за која има поднесено листа на кандидати.

Изборните кампањи не можат да бидат финансирани од средства од буџетите на општините и Град Скопје, од средства на јавни претпријатија и установи, средства на здруженија на граѓани, верски заедници, религиозни групи и фондации, средства од странски влади и меѓународни институции, органи и организации на странски држави и други странски лица, како и средства од претпријатија со мешовит капитал каде доминира странскиот капитал, но и од неидентификувани извори. Радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет-порталите), како и нивните поврзани лица не смеат да финансираат или да донираат на политички партии и на независните кандидати, вклучувајќи и кампањи.

Како дел од законските измени воведени по постигнувањето на Договорот од Пржино[65], од денот на распишување на изборите па до нивното завршување, радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет-порталите) не смеат да објавуваат реклами кои се финансирани од Буџетот на државата, од буџетите на општините и на Градот Скопје и на сите други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања.

Во текот на кампањата, сите медиуми и јавниот радиодифузен сервис имаат должност да овозможат еднаков пристап за претставувањето на изборните програми и кандидатите на правичен, непристрасен и избалансиран начин. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) е должна да го следи изборното претставување на партиите и кандидатите и програмскиот сервис на радиодифузерите и е должна да покрене прекршочна постапка доколку тоа не се почитува.

**Јавниот радиодифузен сервис** е должен, без надоместок, во соработка со Државната изборна комисија, да ги информира граѓаните за начинот и техниката на гласање и да емитува други информации поврзани со изборниот

65 „Службен весник на Република Северна Македонија“, Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик 196/2015.

процес, како и да обезбеди непристрасно информирање. Со измените на Изборниот законик по Договорот од Пржино, 30 % од програмата треба да се однесува на настани од земјата и светот, 30 % на активностите на партиите застапени во власта, 30 % од времето на активностите на партиите во опозиција и 10 % од времето на активностите на вонпарламентарните политички партии и за независните кандидати.

**Медиумите** кои за време на изборната кампања ги покриваат изборите можат да емитуваат вкупно девет минути и триесет секунди дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање. Од овие девет и пол минути, вкупно четири минути може да се одвојат за двете најголеми политички партии од власта, четири минути за двете најголеми политички партии на опозицијата, една минута за политичките партии во Собранието кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група, како и триесет секунди за политичките партии кои не се застапени во Собранието. Оваа година, поради одржувањето на двојните избори, постои можноста во еден даден час партиите да се рекламираат вкупно 19 минути. Претходно, таков случај имаше во изборната кампања за двојните избори во 2014 година, кога партиите се договорија за ограничување од 15 минути промоција во еден час.[66]

Според Изборниот законик, трошоците за објавеното платено политичко рекламирање ги исплаќа Државната изборна комисија, врз основа на доставена фактура од страна на радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет-портали).

**Право за набљудување на изборите** имаат акредитирани набљудувачи, при што овластувањето го издава ДИК. Акредитација за набљудувачи можат да добијат домашни и странски граѓански организации кои се регистрирани барем една година пред одржувањето на изборите, а во својот статут го имаат вградено начелото за заштита на човековите права. Претставници на странски земји, исто така, можат да ги набљудуваат изборите. Овластени претставници на подносителите на листите имаат право да определат нивен претставник кој ќе ја следи работата на изборните органи.[67]

66 „Избори 2024: Партиско ЕПП од епски размери“. Призма, 8 февруари 2024. Пристапено на: https://prizma.mk/izbori-2024-partisko-epp-od-epski-razmeri/ (последна посета: 26 март 2024).

67 Табела на акредитирани набљудувачи за Изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, Државна изборна комисија. Пристапено на: https://www.sec.mk/parlamentarni-izbori-2024/#tab-id-26 (последна посета: 16 април 2024).

Повеќе информации за македонскиот изборен систем за избор на пратеници во Собранието  може да погледнете во „Прирачникот за парламентарни избори во Република Северна Македонија 2020 година.“[68]

68 „Прирачник за парламентарни избори во Република Северна Македонија 2020 година“, второ дополнето издание. КАС и ИДСЦС, 2020 година. Стр. 46-59. Пристапено на:  https://izbornaarhiva.mk/dokumentacija/prirachnici/Prirachnik_za_parlamentarni_izbori_2020_MKD.pdf (последна посета: 5 април 2024).

3

# Изборни единици

# 3. Изборни единици

Редовните парламентарни избори кои ќе се одржат на 8 мај 2024 година ќе се организираат на ниво на шест изборни единици (ИЕ) на територијата на Република Северна Македонија.

Непосредно пред одржувањето на парламентарните избори во 2002 година беше донесен Законот за изборни единици[69], со кој беа утврдени 6 ИЕ, со кои територијата на државата се дели на изборни региони со приближно еднаков број на регистрирани гласачи. Во согласност со измените на Изборниот законик од 2016 година[70], бројот на избирачи во една ИЕ може да отстапува од минус 5 до плус 5 проценти во однос на просечниот број на избирачи, кој изнесува околу 292 000 по изборна единица. Во секоја од овие 6 ИЕ се избираат по 20 пратеници во Собранието според пропорционалниот принцип, односно 120 од вкупно 123 пратеници.

Пред предвремените парламентарни избори во 2011 г. беа направени измени во Изборниот законик[71], со кои за прв пат беше овозможено да гласаат и македонските државјани кои се наоѓаат во странство. Гласањето во странство се одвиваше во три изборни единици со мнозински принцип на гласање. Притоа, изборната единица 7 ги вклучуваше Европа и Африка, изборната единица 8 ги вклучуваше Северна и Јужна Америка и изборната единица 9 ги вклучуваше Азија и Австралија. Со законските измени предвидени со Договорот од Пржино се воведе само една изборна единица за странство, односно изборна единица 7 за Европа, Африка, Северна Америка, Јужна Америка, Австралија и Азија, каде според пропорционалниот модел се избираат тројца пратеници.[72] Изборот на овие пратеници е условен со освојување на најмалку онолкав број на гласови со коишто е избран пратеник со најмал број на гласови во изборните единици во државата. Доколку во седмата изборна единица ниту една од листите не ги добие потребните гласови, не се избира ниту еден пратеник. Македонските државјани во странство гласаат во дипломатско-конзуларните претставништва (ДКП) и во конзуларните канцеларии на Република Северна Македонија.

69 Закон за изборните единици за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, „Службен весник", бр. 43 од 26 јуни 2002.

70 Изборен законик (предлог консолидиран текст), неофицијална верзија изготвена од Стручната служба на Државната изборна комисија („Службен весник", бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19, 98/19 и 42/20).

71 Изборен законик (пречистен текст), „Службен весник", бр.54 од 14 април 2011.

72 Изборен законик (пречистен текст), неофицијална верзија изготвена од Стручната служба на Државната изборна комисија, („Службен весник", бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16 и 99/16).

Бројот на избирачки места во земјата за овие редовни парламентарни избори изнесува 3 360. На предвремените парламентарни избори во 2020 г. бројот на избирачки места изнесуваше 3 478, односно 46 помалку избирачки места отколку на претходните избори во 2016 година. На едно избирачко место не можат да гласаат повеќе од 1 000 гласачи.

Во февруари 2020 година во исчекување на предвремените парламентарни избори беа изгласани дополнителни измени на Изборниот законик, со кои се врши интервенција во ИЕ на територија на земјата. Во согласност со новонастанатите промени дојде до прекројување на две изборни единици – ИЕ 5 и ИЕ 6. Поконкретно, Општина Дебар со 16 избирачки места и Општина Маврово и Ростуша со 30 избирачки места од ИЕ 5 преминаа во рамки на границите на ИЕ 6.[73] Ваквото прекројување на изборните единици доаѓа по препораките дека една изборна единица не смее да се разликува во бројот на гласачи од соседната изборна единица повеќе од границата +-5 %.[74]

*Приказ на изборни едниници*




**ИЕ 1** опфаќа дел од главниот град Скопје и дел од централните делови на државата, односно скопските општини Аеродром, Карпош, Кисела Вода, Центар, дел од општина Чаир, Сарај, Сопиште, Македонски Брод и Студеничани. Спо-

73 Закон за изменување и дополнување на изборниот законик, „Службен весник“ бр. 58 од 11 март 2024 година.

74 “Во последен момент ќе се менуваат границите на две изборни единици“ 360 степени, 15 февруари, 2020 https://360stepeni.mk/vo-posleden-moment-ke-se-menuvaat-granitsite-na-dve-izborni-edinitsi/ (последна посета: 9 април 2024).

ред етничката припадност на населението, мнозинскиот дел од гласачите се етнички Македонци. На последните парламентарни избори во 2020 година, во оваа изборна единица беа регистрирани 309 210 гласачи, распределени низ вкупно 590 избирачки места. Своето гласачко право го искористиле 164 287 гласачи, односно 53,16 %, што резултираше со следната распределба на мандати во изборната единица: коалиција „Можеме“ предводена од СДСМ – 8 мандати, ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата – 7 мандати, ДУИ – 2 мандати, Алијанса за Албанците – 2 мандати, додека партијата Левица освои еден мандат и за првпат стана дел од законодавната власт.

**ИЕ 2** опфаќа, исто така, дел од главниот град Скопје и дел од северните делови на државата со рамномерен состав на населението, етнички Македонци, Албанци, а се застапени и Срби и Роми. Во оваа ИЕ влегуваат скопските општини Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, дел од Општина Чаир, Шуто Оризари, Арачиново, дел од Куманово, Липково, дел од Старо Нагоричане и Чучер Сандево. Во ИЕ 2 во 2020 година според Државната изборна комисија имало 319 820 гласачи, од кои 158 804 (49,65 %) излегле на гласање во вкупно 433 гласачки места на територијата на изборната единица. Во ИЕ 2 на изборите во 2020 година ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата освои 7 пратенички места, коалицијата „Можеме“ освои 7 пратенички места, ДУИ освои 3 пратенички места, додека Алијансата за Албанците освои, исто така, 3 пратенички места.

**ИЕ 3** опфаќа делови од централните, источните и североисточните делови на државата. Оваа ИЕ ги опфаќа општините Берово, Велес, Виница, Градско, Делчево, Зелениково, Зрновци, Илинден, Карбинци, Кочани, Кратово, Крива Паланка, дел од Куманово, Лозово, Македонска Каменица, Петровец, Пехчево, Пробиштип, Ранковце, Свети Николе, дел од Старо Нагоричане, Чашка, Чешиново – Облешево и Штип. Доминантно е населението од македонска етничка припадност. Според официјалните податоци на Државната изборна комисија, во оваа изборна единица се регистрирани 278 511 гласачи кои своето гласачко право го остваруваат на 668 избирачки места. Во 2020 година, излезноста во ИЕ 3 бележи 58,4 %, односно 162 648 гласачи, при што ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата освои 10 пратенички места, зад нив беа коалицијата „Можеме“ со освоени 9 мандати, додека во оваа изборна единица партијата Левица го освои второто од вкупно две пратенички места на овие избори.

**ИЕ 4** ја опфаќа територијата на југоисточниот регион на државата. Во оваа ИЕ влегуваат дел од градот Битола, Богданци, Босилево, Валандово, Василево, Гевгелија, Демир Капија, Дојран, Кавадарци, Конче, дел од Кривогаштани, Мо-

гила, Неготино, Новаци, Ново Село, Прилеп, Радовиш, Росоман и Струмица. Во овој дел е доминантно населението од македонска етничка припадност. ИЕ 4 има 615 избирачки места на кои своето гласачко право во 2020 година го искористиле вкупно 282 506 лица, или 60,77 % од вкупно регистрираните гласачи. На изборите во 2020 година во оваа ИЕ ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата и коалицијата „Можеме" освоија по 10 пратенички места.

**ИЕ 5** ја опфаќа територијата на југозападниот дел на државата. Во неа спаѓаат дел од градот Битола, Вевчани, дел од Дебар, Дебарца, Демир Хисар, Долнени, дел од Кичево, дел од Кривогаштани, Крушево, Охрид, Пласница, Ресен, Струга и Центар Жупа. Мнозинскиот дел од населението е од македонска етничка припадност, но значителен дел претставуваат и гласачите од албанска етничка заедница. На последните парламентарни избори во 2020 година во ИЕ 5 беа регистрирани 314 489 гласачи кои гласале во 776 избирачки места. На парламентарните избори во 2020 излезноста изнесуваше 50,92 %, односно вкупно гласале 160 146 избирачи. Мандати освоија коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ – 8 , коалицијата „Можеме" – 8 , ДУИ – 3 и Алијанса за Албанците – 1.

**ИЕ 6** ја опфаќа територијата на северозападот на државата. Тука спаѓаат Боговиње, Брвеница, Врапчиште, Гостивар, дел од Дебар, Желино, Јегуновце, дел од Кичево, Маврово и Ростуша, Теарце и Тетово. Во овој дел од државата е доминантно населението од албанска етничка припадност. На последните парламентарни избори во 2020 година во ИЕ 6 беа регистрирани 309 727 гласачи кои гласале на 396 избирачки места, а одѕивот изнесуваше 40,74 %, односно 126 175 гласачи. На парламентарните избори во 2020 во оваа ИЕ најмногу мандати освои ДУИ – 7 , на второ место беше Алијансата за Албанците со 6 мандати, потоа коалицијата „Можеме" – 4 мандати, ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата – 2, и ДПА која освои еден мандат.

**ИЕ 7** ги опфаќа сите македонски државјани кои живеат или се на привремен престој во странство, односно во државите во Европа, Африка, Северна Америка, Јужна Америка, Австралија и Азија. Во оваа изборна единица македонските државјани во странство можат да избираат 3 пратеници според пропорционалниот модел. Пратеничките мандати се распределуваат според Донтовата формула. За да можат да гласаат во странство, државјаните на Република Северна Македонија кои се на привремена работа или престој во странство со пријавено последно живеалиште во земјава пред изборите треба да се пријават во соодветно ДКП/конзуларна канцеларија. Притоа, тие се запишуваат во посебен извод од Избирачкиот список. Пријавувањето може да се врши со доставување пријава која треба да биде своерачно потпишана или испратена

по електронска пошта. Бројот на избирачки места во странство е подложен на промена, а избирачко место нема да се определи за ДКП/конзуларна канцеларија каде за гласање ќе се пријават помалку од 10 гласачи.

На последните парламентарни избори во 2020 година не се спровело гласање во дипломатско-конзуларните претставништва и конзуларните канцеларии, откако беа поднесени листите на кандидати за пратеници во Собранието.[75] Според Изборниот законик[76], гласање надвор од границите на земјата се спроведува доколку бројот на избирачи е еднаков или поголем од најмалата бројка на гласачи со која на минатите избори е избран пратеник од територијата на државата. На парламентарните избори во 2016, според Донтовиот модел за пресметување на мандатите, последниот пратеник од ИЕ 6 каде што излезноста беше најмала, бил избран со околу 6 500 гласови.[77] За парламентарните избори во 2020 година, 6 096 пријави на избирачи во ИЕ 7 беа прифатени, додека 1 439 пријави беа одбиени по основ на неуредност. Бројот на пријавени избирачи не го надмина бројот на гласови со кои бил избран пратеникот од ИЕ 6 во 2016 година. Во согласност со овие бројки, парламентарниот состав избран на изборите во 2020 година немаше пратеници од ИЕ 7.

На парламентарните избори во 2024 година повторно нема да се спроведе гласање во дипломатско-конзуларните претставништва и конзуларните канцеларии, бидејќи не се пријавија доволен број граѓани за гласање.[78]

---

75 Решение за неспроведување на гласање во ДКП, 17 март 2020 година, Пристапено на: https://www.sec.mk/parlamentarni-izbori-2020/#tab-id-18 (последна посета: 26 март 2024).

76 Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, „Службен весник“ бр. 58 од 11 март 2024 година.

77 „Неизвесно е дали ќе гласа дијаспората“ 360 Степени, 20 март 2020, Пристапено на: https://360stepeni.mk/neizvesno-e-dali-ke-glasa-dijasporata/ посета: 26 март 2024).

78 Радио Слободна Европа. (2024, 27 март), „Вкупно 2 571 граѓани во странство ќе можат да гласаат на претседателските избори“.https://www.slobodnaevropa.mk/a/32880067.html (пристапено на 29 март 2024).

4

# Преглед на учесници на парламентарите избори 2024

# 4. Преглед на учесници на парламентарите избори 2024

Во согласност со Роковникот за извршување на изборните дејствија за спроведување на парламентарните избори донесен од ДИК, до крајниот рок, 2 април 2024 година, вкупно 17 политички субјекти доставија кандидатски листи за избор на пратеници. По разгледувањето на пријавите, ДИК донесе решение за прифаќање на 17 пријави. Ова значи дека на овие избори 1 815 350 граѓани со право на глас ќе имаат можност да гласаат за 17 политички субјекти, односно за 11 политички партии, 5 коалиции и една независна листа од група избирачи со 84 листи на кандидати, што е за шест повеќе во споредба со 78 листи на кандидати поднесени за парламентарните избори во 2020 година.

*Преглед на поднесени кандидатски листи за шесте изборни единици*

| Реден број | Партија/коалиција | ИЕ 1 | ИЕ 2 | ИЕ 3 | ИЕ 4 | ИЕ 5 | ИЕ 6 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Коалиција „За европска иднина“ – СДСМ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| 2 | Коалиција „Твоја Македонија“ – ВМРО-ДПМНЕ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| 3 | Коалиција „Европски фронт“ – ДУИ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| 4 | Коалиција „Вреди“ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| 5 | Левица | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| 6 | Аваја – Доста е | × | × | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| 7 | Политичка партија Демократи | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| 8 | Политичка партија Десна | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | × | × |
| 9 | Политичка партија Единствена Македонија | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | × |
| 10 | Движење ЗНАМ – За наша Македонија | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| 11 | Македонска ера трета – Суверенисти | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| 12 | Македонска обновителна реформска опција – Работничка партија | ✓ | × | × | × | ✓ | × |
| 13 | Политичка партија Нова алтернатива | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | × | × |
| 14 | Политичка партија Родина Македонија | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| 15 | Твоја партија | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | × | × |
| 16 | Коалиција „Храбро за Македонија“ – ГРОМ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| 17 | Група избирачи Ѓула Челику | × | × | × | × | × | ✓ |

Во овој прирачник ќе бидат претставени сите политички партии, коалиции, како и носители на кандидатски листи кои ќе учествуваат на парламентарните избори. Парламентарните партии СДСМ со коалицијата, ВМРО-ДПМНЕ со коалицијата, ДУИ со коалицијата, коалицијата „Вреди“ и Левица[79], ќе бидат претставени подетално.

## Политички партии, коалиции и носители на кандидатски листи[80]

### Социјалдемократски сојуз на Македонија[81] и коалиција „За европска иднина“

Социјалдемократскиот сојуз на Македонија се декларира како партија лево од центарот, со социјалдемократска идеолошка провиниенција. Основана е на Конгрес на 21 април 1991 година, како правен наследник на Сојузот на комунистите на Македонија – Партија за демократска преобразба (СКМПДП). Истата година партијата го менува името во СДСМ и идеологијата од комунистичка во социјалдемократска. Учествувала на сите парламентарни и локални избори од осамостојувањето до денес. Во 1992 година, по распуштањето на првата експертска Влада, СДСМ иако нема мнозинство во Собранието добива мандат и ја формира првата политичка Влада на Република Македонија. Во периодот од 1994 до 1998 партијата го има и мнозинството во Собранието кога заедно со своите коалициски партнери на изборите во 1994 година, кои беа бојкотирани од опозицијата во вториот круг, освои 85 пратенички места. На парламентарните избори во 1998 СДСМ ја губи власта освојувајќи само 27 пратенички места. СДСМ е најголемата опозициска партија до 2002 година, кога повторно победува на изборите со освоени 60 пратенички места заедно со своите коалициски партнери и останува на власт до следните парламентарни избори во 2006 година. На парла-

79 Распоредот на поголемите политички партии застапени во Собранието е според бројот на освоени пратенички мандати на парламентарните избори од 2020 година. Редоследот на останатите партии и коалиции е според азбучен ред.

80 Логоата на партиите, биографиите и фотографиите на носителите на кандидатските листи се преземени од интернет-страниците на соодветните партии, одредени јавни институции и од официјалните Фејсбук профили на кандидатите.

81 „Прирачник за парламентарни избори во Република Северна Македонија 2020 година“ (второ дополнето издание), Фондација Конрад Аденауер и Институт за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје. Пристапено на: https://izbornaarhiva.mk/dokumentacija/prirachnici/Prirachnik_za_parlamentarni_izbori_2020_MKD.pdf (последна посета: 4 април 2024).

ментарните избори во 2006 година коалицијата на СДСМ освојува 32 пратенички места. Од тогаш до 2016 година СДСМ е во опозиција, откако губи на уште четири изборни циклуси, во 2008, 2011, 2014 и 2016 година. На предвремените парламентарни избори во 2008 година заедно со коалицијата освојува 27 пратенички места, а на предвремените парламентарни избори во 2011 година СДСМ со коалицијата освојува 42 пратенички места. На парламентарните избори во 2014 година СДСМ освојува 27 пратенички места, а коалицијата вкупно 34 пратенички места. На парламентарни избори во 2016 година СДСМ и коалицијата освојуваат вкупно 49 пратенички места, што е за две помалку од ВМРО-ДПМНЕ, но успева да формира парламентарно мнозинство заедно со ДУИ. На последните парламентарни избори во 2020 година СДСМ и коалицијата „Можеме" освојуваат вкупно 46 мандати и успева да обезбеди парламентарно мнозинство и да формира Влада.[82]

Претседател на партијата од осамостојувањето на државата и трансформацијата од СКМ-ПДП во СДСМ во 1991 па сè до 2004 година е Бранко Црвенковски. Се повлекува од оваа позиција поради победата на вонредните претседателски избори во 2004 година и станува Претседател на државата. На вонреден Конгрес на СДСМ во ноември 2004 за претседател е избран Владо Бучковски, кој ја води партијата до поразот на изборите во 2006. По изборите на Бучковски му е изгласана недоверба и на вонреден Конгрес во ноември 2006 година за претседател на партијата е избрана Радмила Шекеринска. На позицијата претседател на СДСМ Радмила Шекеринска се задржува до јуни 2008 година, кога поднесува неотповиклива оставка поради поразот на предвремените парламентарни избори. Во септември 2008 година на 8. Конгрес на партијата за в.д. претседател е избран Зоран Заев. Во 2009 година по истекувањето на претседателскиот мандат на партиски Конгрес повторно на чело на СДСМ се враќа Бранко Црвенковски. Тој е партиски лидер до 2013, кога се повлекува од позицијата, а на негово место повторно е избран Зоран Заев. Во 2021 година, на вонредните внатрепартиски избори е избран актуелниот претседател на партијата, Димитар Ковачевски.[83]

По последните локални избори во 2021 година, СДСМ ја има власта во 16 од вкупно 80 општини.[84]

---

82 Државна изборна комисија, Избори 2020. Пристапено на: https://izbornaarhiva.mk/ (последна посета: 4 април 2024).

83 Димитар Ковачевски е новиот претседател на СДСМ со освоени 37 649 гласови. Пристапено на: https://sdsm.org.mk/pres-konferencii/38964 (последна посета: 4 април 2024).

84 Државна изборна комисија, Избори 2021. Пристапено на: https://izbornaarhiva.mk/ (последна посета: 4 април 2024).




На парламентарните избори во 2024 година СДСМ ја предводи коалицијата „За европска иднина“, во која се вклучени и: Либерално демократска партија, Нова социјалдемократска партија, ВМРО Народна партија, Партија за движење на Турците, Демократски сојуз на Власите, Сојуз на Ромите од Македонија, Странка на демократска акција на Македонија, Демократска обнова на Македонија, Десница, Партија на пензионерите, Партија за демократски просперитет на Ромите, Партија за општествен и економски напредок и Српска странка во Македонија.

Коалицијата „За европска иднина“ ќе настапи со свои кандидатски листи во шест изборни единици.

**Социјалдемократски сојуз на Македонија**
ул. „Бихаќка“ бр.8 1000 Скопје
web@sdsm.org.mk
www.sdsm.org.mk

**Носители на кандидатски листи на СДСМ и коалицијата „За европска иднина“** [85]



**ИЕ 1 – Димитар Ковачевски** е претседател на СДСМ, поранешен премиер и вонреден професор на Универзитетот Американ Колеџ Скопје. Дипломирал и магистрирал на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Докторските студии ги завршува на Економскиот факултет во Црна Гора. Ковачевски бил поранешен заменик министер за финансии во 2020 година. Роден е 1974 година во Куманово.

85 Државна изборна комисија. Листи на кандидати по изборни единици - април 2024. Пристапено на: Листа на кандидати по политичка партија (sec.mk) (последна посета: 15 април 2024).



**ИЕ 2 – Оливер Спасовски** е поранешен министер за внатрешни работи и премиер во техничката Влада задолжена за спроведување на предвремените парламентарни избори во јули 2020. Претходно во четири наврати ја извршувал функцијата министер за внатрешни работи, од 11 ноември 2015 година до 18 мај 2016 година, од 2 септември 2016 година до 29 декември 2016 година, од 31 мај 2017 до добивање на мандатот за формирање техничка влада на 3 јануари 2020 година и од 1 септември 2020 година до 29 јануари 2024 година. Спасовски бил избран за пратеник во Собранието во два мандата (2006 – 2008 и 2011 – 2014). Дипломирал и магистрирал на Правниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Роден е 1976 година во Куманово.



**ИЕ 3 – Сања Лукаревска** е директорка на Управата за јавни приходи и е заменик претседател на СДСМ. Дипломирала на Правниот факултет при универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Родена е 1982 година во Скопје.



**ИЕ 4 – Венко Филипче** е поранешен министер за здравство. Пред да стапи на функцијата бил советник за здравство на претседателот на Владата Зоран Заев и доцент на Медицинскиот факултет во Скопје.  Филипче е и секретар на Македонското неврохируршко здружение, како и член на извршниот комитет на Здружението на неврохирурзи на Југоисточна Европа. Дипломирал, магистрирал и докторирал на Медицинскиот факултет во Скопје. Роден е 1977 година во Скопје.



**ИЕ 5 – Јован Митрески** е претседател на Собранието, поранешен координатор на пратеничката група на СДСМ и го извршува вториот мандат како пратеник. Претходно бил пратеник во периодот од 2016 до 2020 година. Дипломирал на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола. Роден е 1980 година во Струга.



**ИЕ 6 – Славјанка Петровска** е министерка за одбрана. Во периодот од 2020 година до стапувањето на функцијата министерка за одбрана е пратеничка. Во периодот од јануари до јули 2020 година Петровска била дополнителен заменик министер за внатрешни работи во техничката Влада задолжена за спроведување на предвремените парламентарни избори во јули 2020. Дипломирала на Правниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Родена е 1982 година во Скопје.

## ВМРО-ДПМНЕ и коалиција „Твоја Македонија“

ВМРО-ДПМНЕ е партија која се декларира како народна партија десно од центарот, со идеолошка демохристијанска провиниенција. Од осамостојувањето до денес, ВМРО-ДПМНЕ е една од двете најголеми партии во земјата. Учествувала на речиси сите парламентарни и локални избори, со исклучок на парламентарните избори во 1994 година кога го бојкотира вториот круг. На третите парламентарни избори одржани во 1998 година со освоени 49 мандати во коалиција со Демократска алтернатива, која освојува 13 пратеници, и ПДПА-НДП (подоцна ДПА) со 11, и уште неколку мали партии, ВМРО-ДПМНЕ за првпат формира влада. ВМРО-ДПМНЕ останува на власт до 2002 година, но за време на конфликтот од мај до ноември 2001 година беше формирана Влада на широка коалиција, која вклучи и министри од СДСМ и ЛДП. Во 2002 година ВМРО-ДПМНЕ заедно со коалициските партнери освојува 33 пратенички мандати, ги губи изборите и функционира како опозиција сѐ до 2006 година. Во 2006 заедно со коалицијата „За подобра Македонија“ повторно победува на парламентарните избори освојувајќи вкупно 45 пратенички места и формира влада. Од тогаш, ВМРО-ДПМНЕ победува на уште четири последователни изборни циклуси, на предвремените парламентарни избори во 2008, 2011, 2014 и 2016. На предвремените парламентарни избори во 2008 година заедно со коалицијата „За подобра Македонија“ освојува рекордни 63 пратенички места. На предвремените парламентарни избори во 2011 заедно со коалицијата оваа партија освојува вкупно 56 пратенички места. На предвремените парламентарни избори во 2014 година ВМРО-ДПМНЕ во Собранието имаше 52 пратеници, а заедно со коалициските партнери имаа 61 пратеник од вкупно 123 места во Собранието. На предвремените парламентарни избори во 2016 година ВМРО-ДПМНЕ освои 51 пратенички мандат. И покрај тоа што ВМРО-ДПМНЕ освои најголем број на пратеници, и со тоа претседателот на партијата, Никола Груевски, го доби мандатот од Претседателот на државата, Иванов, да формира влада, сепак, партијата не успеа да го собере потребното мнозинство од 61 пратеник во утврдениот рок, и со тоа не успеа да состави влада. Мандатот за формирање влада потоа му беше доделен на претседателот на СДСМ, Зоран Заев, како партија која на изборите освои 49 пратенички места. Владата на Зоран Заев беше изгласана во мај 2017, со 62 гласа „За“.[86]

86 „Прирачник за парламентарни избори во Република Северна Македонија 2020 година“ (второ дополнето издание), Фондација Конрад Аденауер и Институт за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје. Пристапено на: https://izbornaarhiva.mk/dokumentacija/prirachnici/Prirachnik_za_parlamentarni_izbori_2020_MKD.pdf (последна посета: 3 април 2024).

На последните парламентарни избори во 2020 година ВМРО-ДПМНЕ освои 44 пратенички мандати, што е за два мандати помалку од СДСМ и коалицијата „Можеме“ кои освоија 46 мандати и успеаја да обезбедат парламентарно мнозинство и да формираат Влада.[87]

На последните локални избори во 2021 година кандидатите на ВМРО-ДПМНЕ освоија 42 градоначалнички мандати, од вкупно 80 општини и Градот Скопје.[88] Споредено со претходните локални избори од 2017 година кога ВМРО-ДПМНЕ освои само 5 градоначалнички мандати, партијата бележи раст за 37 градоначалнички места.

Од основањето до 2003 година претседател на ВМРО-ДПМНЕ е Љубчо Георгиевски. На партискиот Конгрес во мај 2003 година Георгиевски поднесува оставка, а на негово место е избран Никола Груевски. Груевски ја води партијата до декември 2017, кога поднесува оставка од функцијата, која е прифатена од Централниот комитет. На 16. вонреден Конгрес, одржан во декември 2017 година, за претседател на партијата е избран Христијан Мицковски.[89] Во 2021 година се одржа 17. Конгрес, каде актуелниот претседател на партијата, Христијан Мицковски, беше реизбран.[90]




На парламентарните избори во 2024 година ВМРО-ДПМНЕ ја предводи коалицијата „Твоја Македонија“ во која влегуваат и: Социјалистичка партија на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија, Демократски сојуз, Македонска акција, Движење на национално единство на Турците, Српска напредна странка во Македонија, Бошњачка народна партија, Демократски сили на Ромите, Партија на обединети демократи на Македонија, Партија на Власите од Македонија, ГЛАС за Македонија, Нова либерална партија, Социјалдемократска унија, Роми обе-

87 Државна изборна комисија, Избори 2020. Пристапено на: https://izbornaarhiva.mk/ (последна посета: 3 април 2024).
88 Државна изборна комисија, Избори 2021. Пристапено на: https://izbornaarhiva.mk/ (последна посета: 3 април 2024).
89 „Прирачник за парламентарни избори во Република Северна Македонија 2020 година“ (второ дополнето издание), Фондација Конрад Аденауер и Институт за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје. Пристапено на: https://izbornaarhiva.mk/dokumentacija/prirachnici/Prirachnik_za_parlamentarni_izbori_2020_MKD.pdf (последна посета: 4 април 2024).
90 Со 489 гласа „за“ и 3 неважечки ливчиња, Мицкоски реизбран за лидер на ВМРО-ДПМНЕ, 360 степени, 12 декември 2021 година. Пристапено на: https://360stepeni.mk/so-489-glasa-za-i-3-nevazhechki-livchina-mitskoski-reizbran-za-lider-na-vmro-dpmne/ (последна посета: 4 април 2024).

динети од Македонија, Демократска партија на Ромите, Работничко земјоделска партија на Република Македонија, Обединета партија за еднаквост на Ромите, Достоинство, Трајно македонско радикално обединување, Обединети за Македонија, Македонски концепт.

За овие избори, коалицијата „Твоја Македонија" предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе настапи со свои кандидатски листи во сите шест изборни единици.

**ВМРО-ДПМНЕ**
Плоштад ВМРО бр. 1 1000 Скопје
contact@vmro-dpmne.org.mk
www.vmro-dpmne.org.mk

## Носители на кандидатски листи на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата „Твоја Македонија"



**ИЕ 1 – Христијан Мицкоски** е претседател на ВМРО-ДПМНЕ и редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје. Во периодот 2015 – 2017 бил советник за енергетика на премиерите Никола Груевски и Емил Димитриев, а во периодот 2016 – 2017 бил генерален директор на АД „Електрани на Македонија". Во 2017 година е избран за лидер на ВМРО-ДПМНЕ, а во 2021 година повторно бил избран на функцијата. Магистрирал и докторирал на Машинскиот факултет во Скопје. Роден е 1977 година во Скопје.



**ИЕ 2 – Владо Мисајловски** е потпретседател на ВМРО-ДПМНЕ и актуелен пратеник во Собранието. Дипломирал на Факултетот за политички науки и меѓународни односи при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на отсекот дипломатија и меѓународна политика, каде завршил и магистерски студии. Мисајловски бил министер за транспорт и врски од 13 мај 2015 година до 1 јуни 2017 година. Претходно извршувал и повеќе други функции. Роден е 1985 година во Скопје.



**ИЕ 3 – Драган Ковачки** е пратеник во последниот состав на Собранието, има воен чин и е полковник во Армијата. Бил командант на 1. механизирана пешадиска бригада, началник на секција за операции и борбена готовност во 1. механизирана пешадиска бригада. Ковачки исто бил раководител на Секторм (Служба за воена безбедност и разузнавање во Министерството за одбрана). Бил началник на одделение за контраразузнавање во воената служба за безбедност и разузнавање. Роден е 1977 година во Делчево.



**ИЕ 4 – Александар Николоски** е потпретседател на ВМРО-ДПМНЕ и пратеник. Николоски е дипломиран политиколог на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. Николоски е долгогодишен член на ВМРО-ДПМНЕ и пратеник во повеќе мандати. Од 2009 година до 2017 бил член на Парламентарното собрание на Советот на Европа, на оваа функција повторно е именуван во 2021 година. Во 2022 е избран за заменик претседател на група на Европската народна партија во Парламентарното собрание на Советот на Европа. Роден е 1984 година во Охрид.



**ИЕ 5 – Ѓорѓија Сајкоски** е пратеник во Собранието, генерален секретар на ВМРО-ДПМНЕ и доктор на историски науки. Сајкоски има извршувано повеќе функции и тоа претседател на Советот на Општина Кичево (2009 – 2013), заменик министер во Министерството за локална самоуправа, член на Комисијата за локална самоуправа (2010 – 2014), претседател на ОК ВМРО-ДПМНЕ Кичево (2010 – 2020) и директор на ЈП „Студенчица". Роден е 1972 година во Кичево.



**ИЕ 6 – Дафина Стојаноска** е актуелна пратеничка во Собранието и член на Извршниот комитет на партијата. Таа ја извршувала функцијата пратеник и во претходните два мандати (2016 – 2020 и 2014 – 2016). Стојаноска е дипломиран стоматолог и работела како матичен стоматолог во Гостивар во период 2001 – 2008 година. Во периодот 2008 – 2016 година била вработена во Фондот за здравствено осигурување во Гостивар. Родена е 1974 во Гостивар.

## Демократска унија за интеграција[91] и коалицијата „Европски фронт“

Демократската унија за интеграција произлезе од припадниците на поранешната Ослободителна народна армија (ОНА), која го започна вооружениот конфликт во 2001 година. Идеолошки, ДУИ се декларира како лево-центристичка партија која се залага за поголеми права на Албанците и за спроведување на Охридскиот рамковен договор. Партијата е формирана во 2002 година и за првпат настапува на парламентарните избори истата година, каде освојува најголем број гласови меѓу етничкиот албански електорат, при што обезбедува вкупно 16 пратенички места и станува дел од Владата предводена од СДСМ. ДУИ беше дел од Владата од 2002 до 2006, при што беше претставена со најголем број министри на една албанска партија досега. На парламентарните избори во 2006 година ДУИ повторно освои најголем број гласови меѓу албанскиот електорат (12,2 %) и 17 пратенички места, но по неуспешните преговори со ВМРО-ДПМНЕ не беше вклучена во тогашната владина коалиција. Како резултат на ова ДУИ ја бојкотираше работата на Собранието во поголем период од 2006 до 2008 година, кога беа распишани предвремени парламентарни избори. На парламентарните избори во 2008 година ДУИ освои 12,8 % од гласовите и 18 пратенички места, и како најголема политичка партија со која се претставени етничките Албанци влезе во Владата на чело со Никола Груевски. На наредните парламентарни избори во 2011 година ДУИ повторно е трета по големина партија во земјата освојувајќи 14 пратенички места. На парламентарните избори во 2014 година ДУИ освои 19 пратенички места и формираше Влада заедно со ВМРО-ДПМНЕ.

На минатите парламентарни избори одржани во 2020 година, ДУИ забележа пораст во резултатот освојувајќи 15 пратеници, што е за 5 пратеници повеќе во споредба со парламентарните избори од 2016 година.[92] Преку коалицирање со СДСМ, ДУИ повторно е дел од Владата. Од нејзиното основање до денес претседател на партијата е Али Ахмети.

91 „Прирачник за парламентарни избори во Република Северна Македонија 2020 година“ (второ дополнето издание), Фондација Конрад Аденауер и Институт за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје. Пристапено на: https://izbornaarhiva.mk/dokumentacija/prirachnici/Prirachnik_za_parlamentarni_izbori_2020_MKD.pdf (последна посета: 4 април 2024).

92 Државна изборна комисија, Избори 2020. Пристапено на: https://izbornaarhiva.mk/ (последна посета: 5 април 2024).




На локално ниво по последните локални избори во 2021 година ДУИ има 11 градоначалници од вкупно 80 општини и Градот Скопје, додека на локалните избори во 2017 година имаше 10 градоначалници. [93]

На парламентарните избори во 2024 година ДУИ ја предводи коалицијата „Европски фронт", во која се вклучени и: Демократската партија на Албанците, Европска демократска партија, Народно движење, Алијанса за Албанците (Зијадин Села)[94], Движењето на Турците на Македонија за правда и демократија, Демократската партија на Турците и Унија на Ромите.

На овие избори коалицијата „Европски фронт" предводена од ДУИ ќе настапи со свои кандидатски листи во сите шест изборни единици.

**Демократска унија за интеграција**
ул. „Мала Речица" 1200 Тетово
press@bdi.mk
bdi.mk

93 Државна изборна комисија, Избори 2021. Пристапено на: https://izbornaarhiva.mk/ (последна посета: 3 април 2024).

94 Крилото на Алијанса на Албанците предводено од Зијадин Села донесе одлука на претстојните избори да се приклучи на „Европски фронт" предводен од ДУИ. По последната одлука донесена во Основниот суд во Тетово, Села ги доби печатите на Алијанса на Албанците, со што и официјално е претседател на АА. „Зијадин Села судски ги доби печатите на Алијанса за Албанците, Таравари најавува жалба", 360 степени, 2 април Пристапено на: https://360stepeni.mk/zijadin-sela-sudski-gi-dobi-pechatite-na-alijansa-za-albantsite-taravari-najavuva-zhalba/ (последна посета: 16 април 2024).

## Носители на кандидатски листи на коалицијата „Европски фронт“



**ИЕ 1 – Блерим Беџети** е правник и адвокат. Од 2006 до 2009 година бил пратеник. Во периодот 2009 – 2011 година бил градоначалник на Општина Сарај. Од 28 јули 2011 до 19 јуни 2014 година бил министер за правда. Беџети е актуелен градоначалник на Општина Сарај откако победил на изборите во 2021 година.



**ИЕ 2 – Садула Дураку** е роден 1960 година во Липково, Кумановско. Дипломирал на Машинскиот факултет во Приштина. Во 2004 година е именуван за министер во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и таа функција ја извршува до 2006 година. Во 2006 година е пратеник во Собранието од пратеничката група на ДУИ. Бил градоначалник на Општина Липково во перидот 2009 – 2017. Во 2017 бил назначен за министер за животна средина и просторно планирање, а во 2019 година за вицепремиер за спроведување на Рамковниот договор и политички систем. На функцијата останува до 2020 година.



**ИЕ 3 – Сулејман Баки** е роден 1975 година во Скопје. Додипломски и магистерски студии завршува на Универзитетот во Бурса – Улудаг, а докторира на Институтот за национална историја при УКИМ во областа на османлиската историја. Од 2011 година е професор на Државниот универзитет во Тетово, каде воедно е и раководител на Катедрата за турски јазик и книжевност. Тој е претставник од Движењето на Турците на Македонија за правда и демократија.



**ИЕ 4 – Енвер Хусеин** е роден 1971 година во с. Тополница, Радовиш. Тој е дипломиран професор по одделенска настава на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, а магистрирал правни науки на Меѓународниот универзитет – Струга. Од 2008 до 2012 година е потпретседател на Демократската партија на Турците на Македонија. Од 2014 до 2017 година е државен секретар во Министерството за труд и социјала, а од 2018 до 2020 година ја врши должноста државен секретар во МОН. Во моментов ја извршува функцијата заменик министер за труд и социјална политика.



**ИЕ 5 – Зијадин Села** е претседател на Алијанса за Албанците.[95] За пратеник во Собранието е избран на изборите во 2020 и претходно во 2016 година. Функцијата пратеник ја извршувал и во период од 2011 до 2013, пред да биде избран за градоначалник на Струга (2013 – 2016). Дипломирал на Медицинскиот факултет на Универзитетот во Тирана. Роден е 1972 година во Струга.



**ИЕ 6 – Али Ахмети** е пратеник во Собранието од 2002 година и е лидер на ДУИ. Тој е лидер на партијата уште од нејзиното основање во 2002 година. Во конфликтот во 2001 година бил врховен командант и политички лидер на Ослободителната народна армија (ОНА). Во 1983 година дипломирал филозофија на Универзитетот во Приштина, Косово. Роден е 1959 година во с. Зајас, Кичевско. Ахмети осми пат е носител на кандидатска листа во ИЕ 6.

95 „Села: Судот пресуди, јас сум претседател на АА, а печат на партијата се членовите", мкд.мк, 03 април 2024. Пристапено на: https://mkd.mk/sela-sudot-presudi-jas-sum-pretsedatel-na-aa-a-pechat-na-partijata-se-chlenovite/ (последна посета: 22 април 2024).

## Коалиција „Вреди“




Во коалицијата „Вреди“ се вклучени политичките партии: Алтернатива, Движење Беса, Алијанса за Албанците (Арбен Таравари) и Демократско движење.

**Алтернатива** е политичка партија која во идеолошкиот спектар е дефинирана како центар-десничарски субјект. Партијата е формирана во 2019 година. Централното собрание за прв претседател го назначува Африм Гаши. Партијата потекнува од поранешни членови на Движењето Беса, кои ја формираа партијата по лошите резултати на локалните избори во 2017 година. Политичката програма се потпира на четири главни столба: Развој, Интеграција, Отворен дијалог и Правда.

**Движење Беса** е политичка партија основана во 2014 година. Претседател на партијата е Биљал Касами. На парламентарните избори во 2016 година „Беса“ освоила пет пратеници, со што станала втора најголема албанска партија во Собранието.[96] На парламентарните избори во 2020 година партијата учествувала во коалиција предводена од СДСМ и освоила 4 пратенички мандати.

**Алијанса за Албанците** е политичка партија која произлегува од Движењето за реформи во ДПА, а како политичка партија е регистрирана непосредно пред локалните избори во 2017 година со име Алијанса на Албанците кое било оспорено од лидерството на Унитети и НДП. На претходните парламентарни избори во 2020 година партијата била во коалиција со партијата Алтернатива. На овие избори коалицијата освоила 12 пратенички места. Пред изборите во 2024 година настана поделба на оваа партија на две крила, едното предводено од Зијадин Села, а другото од Арбен Таравари. По расколот, Арбен Таравари и опозициските партии на Албанците ја потврдија коалицијата и потпишаа декларација за обединување на претстојните избори. Таравари е и претседателски кандидат на коалицијата „Вреди“.[97]

96 Државна изборна комисија, Избори 2020. Пристапено на: https://izbornaarhiva.mk/ (последна посета: 5 април 2024).

97 „Зијадин Села судски ги доби печатите на Алијанса за Албанците, Таравари најавува жалба“, 360 степени, 2 април Пристапено на: https://360stepeni.mk/zijadin-sela-sudski-gi-dobi-pechatite-na-alijansa-za-albantsite-taravari-najavuva-zhalba/ (последна посета: 16 април 2024).

**Демократско движење** е политичка партија формирана од страна на поддржувачите на Изет Меџити од таканаречената „Огнена група“ од ДУИ. Поради внатрешни несогласувања и револт кон партијата, Демократското движење се отцепи и почна да дејствува самостојно од 2023 година.[98] Почитување на човековите права, владеење на правото, унапредување на правата и статусот на Албанците и постигнување економска благосостојба се само неколку од основните вредности за кои се залага Демократското движење.

На овие избори коалицијата „Вреди“ ќе настапи со свои кандидатски листи во сите шест изборни единици.

**Коалиција „Вреди“**
vlen.mk

### Носители на кандидатските листи на коалицијата „Вреди“




**ИЕ 1 – Изет Меџити** е лидер на Демократското движење и пратеник во Собранието. Роден е 1977 година во Скопје. Дипломирал на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Во периодот 2001 – 2003 бил професор по економија во средното училиште „Арсени Јовков“. Од 2005 до 2017 Меџити бил градоначалник на Општина Чаир, а во 2019 станува претседател на партискиот огранок на ДУИ во таа општина. Во 2023 година од фракциската „Огнена група“ во ДУИ Меџити ја основа новата партија Демократско движење.




**ИЕ 2 – Африм Гаши** е лидер на Алтернатива и пратеник во последниот состав на Собранието (2020 – 2024). Тој ја извршувал функцијата пратеник и во претходниот мандат (2016 – 2020). Во 2011 година го основал списанието „Shenja“ и до 2014 година бил негов главен уредник. Од 2014 година е активен и во политиката, основајќи го Движењето Беса, каде извесно време ја извршувал функцијата генерален секретар. На централ-

98 „Огнените“ станаа Демократско движење, DW, 2 август 2023. Пристапено на: „Огнените“ станаа Демократско движење – DW – 2.08.2023 (последна посета: 15 април).

ното собрание по отцепувањето од Движењето Беса, Гаши бил избран за прв претседател на новата партија Алтернатива. Дипломирал на Правниот факултет при Универзитетот во Тетово. Роден е 1977 година во Скопје.



**ИЕ 3 – Шенер Билали** е професор на Факултетот за комуникации при Меѓународниот балкански Универзитет. Во периодот  2013 – 2017 година бил доцент, додека од 2017 година е професор на истиот факултет. Во 2023 година се приклучува кон Движењето Беса. Докторирал на Институтот за национална историја при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.



**ИЕ 4 – Мендурим Зекмани** е носител на листа во изборната единица 4. Студирал на факултетот за безбедност при Универзитетот ФОН во Скопје.[99]



**ИЕ 5 – Салим Сулејмани** е поранешен муфтија и магистер по теологија и исламска филозофија. Студирал и магистрирал во Јордан, додека 12 години бил на чело на Муфтиството на Исламската верска заедница во Струга, каде дал придонес во развојот на верскиот живот, работејќи на зачувувањето на културното и духовното наследство.

99 За носителот на кандидатската листа на коалицијата „Вреди“ за ИЕ4 не може да се најдат повеќе биографски податоци од наведените.




**ИЕ 6 – Биљал Касами** е лидер на Движењето Беса од неговото формирање во 2014 година. На парламентарните избори во 2016 година бил избран за пратеник во Собранието, функција која ја извршувал до 2017 година кога поднел оставка за да се кандидира на локалните избори. На предвремените избори во 2020 година е повторно избран за пратеник, а функцијата ја извршувал до 2021 година, кога станал градоначалник на Општина Тетово. Докторирал на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Роден е  1975 година во Тетово.

## Политичка партија Левица [100]

Политичката партија Левица е основана на крајот на 2015 година. Партијата има изразено левичарска идеологија и се залага за левичарски вредности, меѓу кои антикапитализам, антинационализам, антимилитаризам и антиклерикализам и антиконзервативизам. Во фокусот на партијата се работничките и основните човекови права, а како партија се залага, пред сѐ, за сиромашните, непривилегираните, маргинализираните, обесправените. На изборите во 2016 партијата настапи самостојно освојувајќи 12 120 гласови (1,02 %), на локалните избори во 2017 година партијата успеа да освои вкупно три советнички места, од кои едно во Советот на Град Скопје, и по едно советничко место во општините Карпош и Росоман, додека на последните локални избори во 2021 година партијата освои советници во осум општини.[101] На парламентарните избори во 2020 година Левица освои два мандата. [102]

Иницијативата за формирање на Левица потекнала од членови на Движењето за социјална правда „Ленка“, членови на левичарското движење „Солидарност“, членови на Комунистичката партија на Македонија, синдикалци, активисти и поединци левичари. До 2019 година Левица имала колективно претседателство, Президиум, составен од седум члена со императивен мандат. На редовно заседание на Пленумот на политичката партија Левица се донесува нов партиски статут со кој се направила промена во организациската структура, каде што покрај основните раководни органи Пленум, Централен комитет, Президиум и Трибунат, се воведува и позиција претседател со мандат од четири години. Актуелен претседател на Левица е Димитар Апасиев. Левица поднесе свои кандидатски листи во сите шест изборни единици.

**Политичка партија Левица**
ул. „Мирослав Крлежа“ бр. 20, влез 1, кат 3, локал бр.12
1000 Скопје
contact@levica.mk
www.levica.mk

100 „Прирачник за парламентарни избори во Република Северна Македонија 2020 година“ (второ дополнето издание), Фондација Конрад Аденауер и Институт за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје. Пристапено на: https://izbornaarhiva.mk/dokumentacija/prirachnici/Prirachnik_za_parlamentarni_izbori_2020_MKD.pdf (последна посета: 15 април 2024).
101 Државна изборна комисија, Избори 2021. Пристапено на: https://izbornaarhiva.mk/ (последна посета: 5 април 2024).
102 Државна изборна комисија, Избори 2020. Пристапено на: https://izbornaarhiva.mk/ (последна посета: 5 април 2024).

## Носители на кандидатските листи на Левица



**ИЕ 1 – Димитар Апасиев** е претседател на Левица, пратеник во Собранието во последниот состав (2020 – 2024) и вонреден професор на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип. Тој е долгогодишен активист на Движењето за социјална правда „Ленка", има учествувано на голем број домашни и меѓународни научни симпозиуми и автор е на неколку правни книги и монографии, како и на над 50 статии и стручни трудови. Дипломирал, магистрирал и докторирал на Правниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Роден е 1983 година во Велес.



**ИЕ 2 – Амар Мециновиќ** е политолог, активист, колумнист. Од 2021 година е именуван за портпарол на партијата и од 2022 година е избран за советник во Советот на Град Скопје. Роден е 1996 во Скопје.



**ИЕ 3 – Борислав Крмов** е историчар на уметност. Има студирано историја на уметност со археологија. Работел на струка, како ликовен критичар и теоретичар до градежен работник. Од 2020 година е избран за пратеник во Собранието. Роден е 1981 година во Штип.



**ИЕ 4 – Сашко Јанчев** е дипломиран правник и магистер по кривично право на Правниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, член на ЦК и советник на Левица во Општина Гевгелија. Повеќегодишен борец за заштита на животната средина со фокус на југот на државата и борбата Кожув да стане национален парк.



**ИЕ 5 – Јована Мојсоска** е генерален секретар на Левица. Дипломирала на Факултетот за безбедност и финансиска контрола. Основач е и член на повеќе иницијативи за заштита на животните и животната средина. Родена е 1992 година во Струга.



**ИЕ 6 – Игор Димески** е раководител на Сектор за енергетика и советник на Левица во Општина Центар.

## Аваја – Доста е!

Политичката партија **Аваја,** во превод: Доаѓаме, е најновата партија на македонската политичка сцена, формирана во 2024 година. На партијата ѝ  претходи Граѓанското движење АВАЈА кое започнало да функционира во текот на 2019 година, предводено од три организации: Институтот за истражување и анализа на политики Ромалитико, Здружението за граѓани – Ромаверзитас и Здружение за јакнење и организирање на ромската заедница „Романо Авази“. За прв претседател на партијата е избран Акиф Кариман. На парламентарните избори Аваја со слоганот „Доста е“ самостојно ќе настапи во четири изборни единици, ИЕ 3, ИЕ 4, ИЕ 5, ИЕ 6.

**Аваја**
ул. „Фрањо Клуз“ 6/14
1000 Скопје
www.avaja.mk

**Носители на кандидатски листи на Аваја**
**ИЕ 3 – Идрис Зејнелов**
**ИЕ 4 – Ќемал Сулејманов**
**ИЕ 5 – Ремзи Медик**
**ИЕ 6 – Дениз Исмаили**

## Политичка партија Демократи

Демократи — македонска политичка партија е основана во 2018, а на Основачкото собрание за претседател на партијата е избран Јорго Огненовски. Партијата се залага за демократски вредности и почитување на основните човекови права, меѓу кои и гласање и изјаснување на избори или референдуми, и почитување на волјата на граѓаните. Демократи со свои кандидатски листи ќе настапи во сите шест изборни единици.

**Политичка партија Демократи**
ул. „Борис Трајковски“ 24-1/2
1000 Скопје
www.demokrati.mk

### Носители на кандидатски листи на Демократи

**ИЕ 1 – Јорго Огненовски**
**ИЕ 2 – Димитар Спасов**
**ИЕ 3 – Виолета Спасова**
**ИЕ 4 – Габриела Тодоровска**
**ИЕ 5 – Ѓорѓи Велјанов**
**ИЕ 6 – Хирмет Елјези**

## Политичка партија Десна

Партијата е основана во 2022 година, а за нејзин прв претседател е избран Љупчо Палевски – Палчо. Десна се јавува како резултат на здружување на повеќе граѓански здруженија. Вршител на должноста претседател во моментов е Тони Алексовски.[103] Партијата Десна на парламентарните избори настапува со кандидатски листи во сите изборни единици, со исклучок на ИЕ 5 и ИЕ6.

**Политичка партија Десна**
ул. „Димо Хаџи Димов“ 8
1000 Скопје
www.desna.org.mk

### Носители на кандидатски листи на Десна

**ИЕ 1 – Тони Алексовски**
**ИЕ 2 – Анѓела Митковска**
**ИЕ 3 – Зорица Цветковска**
**ИЕ 4 – Ѓошо Бојаџиев**

103 Тони Алексовски е назначен за в.д. претседател на партијата по случајот со киднапирањето и убиствата на Вања Ѓорчевска и Панче Жежовски за што првоосомничен е поранешниот претседател на Десна, Љупчо Палевски – Палчо кој во моментов чека екстрадиција од Република Турција.

## Политичка партија Единствена Македонија

Единствена Македонија е политичка партија основана во 2002 година под името „Народно движење за Македонија“. Во 2018 година Централниот комитет на партијата одлучува да го промени името во „Единствена Македонија“, како и целосна промена на политиките на партијата во однос на евроинтеграцискиот процес. Партијата дејствува со отворен евроатлански скептицизам, а во согласност со својот Статут се залага за членство во Евроазиската економска унија и стратешко партнерство со Русија. Нејзин коосновач и претседател е Јанко Бачев. Партијата Единствена Македонија на парламентарните избори настапува со кандидатски листи во ИЕ 1, ИЕ 2, ИЕ 3, ИЕ 4 и ИЕ 5.

**Единствена Македонија**
ул. „Даме Груев“ 10
1000 Скопје
www.edinstvenamakedonija.mk

**Носители на кандидатски листи на Единствена Македонија**
**ИЕ 1 – Емилија Гелева**
**ИЕ 2 – Томе Димишковски**
**ИЕ 3 – Драган Угриновски**
**ИЕ 4 – Јанко Бачев**
**ИЕ 5 – Мирјана Мирчевски**

## Движење ЗНАМ – За наша Македонија

Движење ЗНАМ – За наша Македонија е политичка партија со левичарска идеологија. Партијата настанува од движењето што произлезе од незадоволното членство на СДСМ кое предводено од тогашниот пратеник Димитриевски самостојно учествувало на локалните избори во 2021 година под мотото „За наше Куманово“. Со победата на кандидатот за градоначалник, Максим Димитриевски, граѓанското движење прераснало во политичка партија. На 9 октомври 2023 година се одржува основачки Конгрес, каде за претседател на партијата е именуван актуелниот градоначалник на Куманово и кандидат за претседател на државата на претседателските избори во 2024 година, Максим Димитриевски.

**Политичка партија Движење ЗНАМ – За наша Македонија**
ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 50/1-1, Центар
1000 Скопје
www.dvizenjeznam.org.mk

**Носители на кандидатските листи на Движење ЗНАМ – За наша Македонија**
**ИЕ 1 – Бобан Карапејовски**
**ИЕ 2 – Даниел Стојчевски**
**ИЕ 3 – Павле Арсовски**
**ИЕ 4 – Миле Цеков**
**ИЕ 5 – Весна Бендевска**
**ИЕ 6 – Небојша Захариевски**

## Македонска ера трета / Македонски независни листи – Суверенисти

Македонска ера трета е политичка партија со седиште во Битола, која во 2020 година произлезе од истоименото движење. Нејзин основач е поранешниот македонски амбасадор во Република Турција, Горан Тасковски.

Македонска ера трета поднесе кандидатски листи во сите шест изборни единици.

**Македонска ера трета / Македонски независни листи – Суверенисти**
Широк сокак, Битола
www.makedonskae3.mk

**Носители на кандидатски листи на Македонска ера трета / Македонски независни листи – Суверенисти**
**ИЕ 1 – Владимир Трајковски**
**ИЕ 2 – Марјан Камиловски**
**ИЕ 3 – Владо Павлов**
**ИЕ 4 – Владимир Ѓорѓиоски**
**ИЕ 5 – Горан Тасковски**
**ИЕ 6 – Соња Јовановска**

## Македонска обновителна реформска опција – Работничка партија

Македонска обновителна реформска опција – Работничка партија (МОРО-РП) е основана во 2014 година како Македонска обновителна реформска опција – Централно демократска унија (МОРО-ЦДУ). Партијата учествувала на два парламентарни изборни циклуси и тоа во 2014 и 2016 година. Двете учества на избори МОРО-РП ги остварила преку учество во коалиции. На парламентарните избори во 2014 година, МОРО-РП се приклучила на коалицијата „Достоинство за Македонија" заедно со партијата Достоинство, при што освоиле 9 265 гласови или 0,8 % од вкупниот број на гласови. На парламентарните избори во 2016 година партијата била дел од коалицијата „Коалиција за промени и правда – Трет блок" заедно со Демократски сојуз, ДЕМОС и ФРОДЕМ. Оваа коалиција освоила 10 028 гласови или 0,8 % од вкупниот број на гласови. Партијата не освоила пратенички места на изборите. Претседател на партијата е Горан Зафировски. Работничката партија на парламентарните избори настапува со кандидатски листи во ИЕ 1  ИЕ 5.

**МОРО – Работничка партија**
ул. „Антон Попов" 103-б
1000 Скопје

**Носители на кандидатски листи на Работничка партија**
**ИЕ 1 – Ана Бобинкова Мијаковска**
**ИЕ 5 – Лубе Петревски**

## Политичка партија Нова алтернатива

Основана е 2007 година од Ѓорѓи Оровчанец по неговото напуштање на ВМРО-НП. Од 2008 до изборите во 2024 година Нова алтернатива е дел од коалициите предводени од СДСМ. Во јануари 2024 година партијата ја презема актуелната градоначалничка на Град Скопје, Данела Арсовска. На овие парламентарни избори Нова алтернатива ќе настапи со свои листи во првите четири изборни единици.

**Нова алтернатива**
бул. „Партизански одреди“ 37/014
1000 Скопје
www.novaalternativa.mk

**Носители на кандидатски листи на Нова алтернатива**
**ИЕ 1 – Данела Арсовска**
**ИЕ 2 –Драган Митковски**
**ИЕ 3 – Ирена Витина**
**ИЕ 4 – Ана Цумбулева**

## Политичка партија Родина Македонија

Партијата „Родина Македонија“ е основана во 2020 година и е раководена од Претседателство како колективно раководно тело. Статутарно, партијата е против членство на земјата во Европската Унија, а се залага и за иступување од НАТО алијансата, притоа залагајќи се за пристапување кон Евроазиската економска унија и БРИКС, како и стратешко партнерство со Русија. Претседавач на Претседателството е Зоран Јованчев. Партијата Родина на парламентарните избори со кандидатски листи ќе настапи во сите шест изборни единици.

**Родина Македонија**
ул. „27ми март“ 10/1-2
1000 Скопје
www.rodina.org.mk

**Носители на кандидатски листи на Родина Македонија**
**ИЕ 1 – Томче Ширков**
**ИЕ 2 – Зоран Јованчев**
**ИЕ 3 – Александар Стефаноски**
**ИЕ 4 – Илија Јанковски**
**ИЕ 5 – Маријан Гацевски**
**ИЕ 6 – Дарко Јанчески**

## Твоја партија

„Твоја“ е основана во 2020 година, а едни од основачите се адвокатот Александар Тортевски и професорката Мирјана Најчевска. Во согласност со статутот на партијата, „Твоја“ е демократска партија чијашто дејност се базира на комбинирање на политиките за општествена промена со политиките за решавање на големите еколошки проблеми во национални и меѓународни рамки, а со цел креирање праведно, фер и одржливо општество. На овие избори „Твоја“ партија поднесе свои кандидатски листи во четири изборни единици, поточно во ИЕ 1, ИЕ 2, ИЕ 3 и ИЕ 4.

**Твоја партија**
ул. „Македонија“ бр. 25-1/6
1000 Скопје
www.tvoja.org.mk

**Носители на кандидатските листи на Твоја партија**
**ИЕ 1 – Мирјана Најчевска**
**ИЕ 2 – Александар Тортевски**
**ИЕ 3 – Трајко Ајтов**
**ИЕ 4 – Ристо Ставров**

## Граѓанска опција за Македонија и коалицијата „Храбро за Македонија“

Граѓанска опција за Македонија (ГРОМ) е политичка партија која е основана во 2013 година. Претседател на партијата е Стевчо Јакимовски. Начелата на ГРОМ се засноваат на изворните принципи за демократско живеење: слобода на личен избор и создавање поправедно општество за секој граѓанин. На парламентарните избори во 2014 година партијата учествувала самостојно и освоила едно пратеничко место. На парламентарните избори во 2016 година партијата учествувала во коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ и освоила две пратенички места, додека на парламентарните избори во 2020 година освоила едно пратеничко место, исто така, во коалиција со ВМРО-ДПМНЕ.

На парламентарните избори во 2024 година Граѓанската опција за Македонија ја предводи коалицијата „Храбро за Македонија", во која се вклучени и: ИНТЕГРА – Македонска конзервативна партија и Партија за целосна еманципација на Ромите од Република Северна Македонија

**Граѓанска опција за Македонија**
ул. „Прашка" бр. 21 влез 1, локал 2 и 3
1000 Скопје
grom.mk

**Носители на кандидатски листи на коалицијата „Храбро за Македонија"**
**ИЕ 1 – Добрила Андоновска**
**ИЕ 2 – Љупчо Ристовски**
**ИЕ 3 – Јордан Николов**
**ИЕ 4 – Ружица Николова**
**ИЕ 5 – Самка Ибраимоски**
**ИЕ 6 – Зоран Софрески**

## Група избирачи Џула Челику

Група избирачи Џула Челику за прв пат ќе учествува во претстојните парламентарни избори. Групата самостојно ќе настапи само во ИЕ 6.[104]

**Носители на кандидатски листи на Група избирачи Џула Челику**
**ИЕ 6 – Џула Челику**

104 За Групата избирачи Џула Челику не можат да се најдат повеќе биографски податоци од наведените.